HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË

MAKEDONYA CUMHURİYETI'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ

COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA

HELSINŠKO COMITEȚI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# Годишен извештај за состојбите во областа на човековите права во Република Македонија во 2013 година

**Скопје**

**Мај 2014**

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# Содржина

ВОВЕД ..... 5

РЕЗИМЕ ..... 6

I. СУДСТВО ..... 13

1. Вовед ..... 13
2. Случај Мартин Нешкоски ..... 17
3. Лустрација ..... 18
4. Уставниот суд и автономијата на универзитетот ..... 19

II. ЗАКОНОДАВСТВО ..... 21

1. Закон за правосудниот испит ..... 21
2. Закон за прекин на бременоста ..... 22
3. Закон за заштита од вознемирување на работно место (Мобинг) ..... 23

III. ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ..... 25

1. Вовед ..... 25
2. Полициска тортура во Охрид ..... 26
3. Полициска тортура во Демир Хисар ..... 27
4. Полициско малтретирање во службата во Скопје ..... 28
5. Тортура во КПУ Идризово ..... 29
6. Пренатрупаност во притворските одделенија на затворите ..... 30
7. Судски преседан со меѓународниот надзор над притворите ..... 31

IV. ДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 33

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

1. Дискриминација врз основа на политичка припадност ... 33
2. Дискриминација врз етнички заедници ... 33
3 Дискриминација кон жените и повреди на права ... 36
4. Дискриминација врз маргинализирани групи - ЛГБТИ лица ... 38
5. Дискриминација врз основ на телесна попреченост -слепи лица ... 40
6. Комисија за заштита од дискриминација ... 40
V. КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА ... 42
VI. ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА ... 46
2. Лица со оштетен слух ... 48
3. Нетранспарентно вработување на ранливи категории на граѓани ... 49
4. Правните лавиринти во областа на социјална заштита ... 49
VII. ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ... 51
1. Регулирање на семејните односи во случаи со странски елемент ... 51
2. Случај Атанас Илиев - грубо кршење на правата на детето ... 52
3. Случај Татјана Бошњаковска ... 53
XIII. ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА ... 55
1. Граѓанска иницијатива „АМАН“ ... 55
2. Локални избори 2013 ... 56
3. Повреди на право на здружување и слобода на изразување ... 57
4. Насилни протести ... 58
5.  Говор на омраза ... 61
6. Иницијатива за уставно дефинирање на бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена 61

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

7. Политички затвореници ... 62

IX. ЛГБТИ Заедница ... 67

Вовед ... 67

1. Хомофобија и насилство ... 67

2. Институции ... 71

3. Правна рамка ... 74

4. Медиуми ... 76

5. Говор на омраза ... 79

6. Меѓународна поддршка ... 80

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# ВОВЕД

Соодветно на својата мисија да врши мониторинг на состојбите со човековите права и слободи во РМ, Хелсиншкиот комитет секоја година објавува Годишен извештај во кој ги изнесува своите ставови и мислења по однос на сите области во кои човековите права и слободи биле засегнати. Извештајот за 2013 година претставува сублимат на работата на Комитетот во текот на целата година од аспект на следење на човековите права и слободи, а за кои известувавме во месечните извештаи. Оценката е дека и во 2013 како и во претходните неколку годинибеа констатирани сериозни нарушувања на слободите и правата на граѓаните како и драстични повреди на принципот на владеење на правото и правната држава. Притоа, она што особено загрижува е дека регистрираните повреди на човековите права и слободи укажуваат не само на системски проблеми во функционирањето на органите и институциите туку и на злоупотреба на нивните надлежности. Годишниот извештај претставува сублимат на анализи за констатираните состојби со човековите права во следните области:

• Судство

• Законодавство

• Полициско постапување

• Затворени установи

• Дискриминација

• Кривични дела сторени од омраза

• Економски и социјални права

• Права на детето

• Граѓански и политички права и слободи

• ЛГБТИ Заедница

Ценејќи дека  Уставот и ратификуваните меѓународните договори ја гарантираат можноста за остварување и заштита на слободите и правата на луѓето, Хелсиншкиот комитет ќе продолжи да ги следи состојбите со човековите права и да врши нивна промоција и да обезбедува правна заштита на граѓаните чии права и слободи се повредени.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# РЕЗИМЕ

## СУДСТВО

Традицијата со набљудување на судските постапки на Хелсиншкиот комитет на РМ, како и програмата за бесплатна правна помош отвора можност за разгледување и постапување по голем број судски предмети. Споредено со изминатата деценија, значително е намален бројот на активни судски предмети, но сè уште опстојуваат системските проблеми кои судството не успева да ги надмине, ги надминува пребавно, или ги продлабочува. Од работата на Комтетот како набљудувач на судски постапки се констатирани следните системски недоследности: повреда на пресумпцијата на невиност; праксата на изрекување на колективни, идентични и стереотипни решенија за притвор; непретставување на составот на судскиот совет; непочитување на решенијата на претседателот на Врховниот суд за снимање на главните расправи; исклучување на јавноста при распит на загрозен/заштитен сведок і надминување на роковите за изготвување на пресуди; повреда на правото на судење во разумен рок; надминување на роковите за објава и изготвување на пресуди.

Хелсиншкиот комитет на РМ го издвојува случајот на Мартин Нешковски во кој беа повредени членовите 2 (право на живот) и 13 (право на реална жалба) од Европската конвеција за човекови права, заради неефективната истрага во врска со убиството од страна на полицијата и јавното обвинителство, како и одбивањето на судовите да спроведат судска постапка. Поради таа причина, Хелсиншкиот комитет состави жалба која беше испратена до Европскиот суд за човекови права.

Од аспект на иницијативите до и решенијата на Устанивот суд, Хелсиншкиот комитет на РМ со жалење констатира дека при работата на судот се нарушува принципот на поделба на власта и се нарушува независноста на судскиот систем од извршната власт. Имено, Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за оценување на т.н. Закон за лустрација, со што му даде легитимитет на несомнено најнеуставниот закон кој било кога бил усвоен во Македонија. Во однос на лустрацијата, и понатаму Комисијата со истечен мандат, упорно и дрско продолжува со кршењето на Уставот и одлуките на Уставниот суд на Македонија (особено во делот на важење на законот по 1991 година), игнорирајќи го мислењето на Венецијанската комисија од 2012 година и препораките содржани во Резолуцијата на Советот на Европа 1096 (1996), при што процесот на лустрација во Македонија со овие чинови потполно е во спротивност со сите стандарди врз кои треба да се води овој процес - кој се претвори во отворен „лов на вештерки”.

Исто така, во правец на директното влијание на извршната власт во работата на Уставниот

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

суд и повреда на принципот на владеење на правото, беше нарушена уставно загарантираната автономија на Универзитетот со решенијата на Уставниот суд во делот на надворешната евалуација, самоевалуацијата, работата и обврските на Одборот за акредитација и евалуација, во правото да ги утврдува критериумите и условите за прв, втор и трет степен на студирање, како и условите за избор во наставно-научно звање, самостојно да одлучува за трошењето на средствата од буџетот на Универзитетот и за оценувањето на знаењето на студентите.

## ЗАКОНОДАВСТВО

Во праксата на продукција на закони на Собранието на РМ кои бараат широка јавна расправа и уредуваат сензитивни области, Хелсиншкиот комитет ја потенцира нагласената употреба на скратената постапка со која се избегнува учеството на стручната јавност, особено кога предложените закони се недоволно разработени и содржат премногу новини. Ваков е случајот со Законот за правосудниот испит каде се користат решенија кои не одговараваат на нашиот правен систем, односно имаат негативни влијанија врз првосудството и работата на државната управа.

На таа линија на критика кон процесот на донесување закони по скратена постапка, се издвојува и донесувањето на Законот за прекинување на бременоста. Воедно, имајќи ги предвид спорните членови и ставови од овој закон, особено задолжителното поднесување на писмено барање за прекинување на несаканата бременост од страна на жената до здравствената установа, задолжително советување за можните предности од продолжувањето на бременоста, задолжителното чекање од три дена после советувањето за да направи медицинската интервенција на прекинување на бременоста. кои се во директна колизија со Уставот на Република Македонија, како и меѓународните документи кои државата ги ратификувала, Хелсиншкиот Комитет на РМ со други невладини организации и со доц. д-р. Каролина Ристова Астеруд поднесе иницијатива до Уставниот суд за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за прекинување на бременоста, за која Уставниот суд сеуште нема донесено одлука.

## ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

Во однос на полициското постапување, повикувајќи се на доставените поплаки од жртвите на тортура и членовите на нивните семејства, Хелсиншкиот комитет делува и на своја иницијатива нудејќи им бесплатна правна помош на жртвите подложени на физичка и психолошка тортура во затворените институции (полициски станици, притворски одделенија, затвори и психијатриски институции), кои со оглед на значајната исклученост на медиумите и вниманието на јавноста ги доведуваат жртвите до институционален вакуум. Така од изнесените наводи во неколку случаи постојат силни индикации и основано

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

сомневање дека посочените и непознатите полициски службеници го сториле кривичното дело Мачење и друго сурово нечовечко понижувачко постапување и казнување.

Хелсиншкиот комитет потсетува дека државата сè уште не обезбедува соодветна правна, медицинска, психолошка и социјална поддршка за жртвите на тортура, така што неопходно е итно имплементирање ЕУ Директивата 2012/29 за воспостувавуање на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал.

На крај, во однос на затворените институции, значајно е да се напомене дека мерката притвор и решенијата за продолжување на притворот понекогаш се користат како казнена мерка или како метод на заплашување, што беше потврдено и во случајот „Змиско око", во кој Хелсиншкиот комитет за човекови права ги застапуваше обвинетите пред Судот во Стразбур, каде ваквата македонска пракса беше окарактеризирана како спротивна на Европската конвенција за човекови права.

## ДИСКРИМИНАЦИЈА

Според пристигнатите претставки, Хелсиншкиот Комитет констатира дека во текот на целата 2013 година најзастапена беше дискриминацијата врз основа на политичка припадност, етничката припадност кон ромската заедница и дискриминацијата по основ на сексуална ориентација. Зголемениот број на претставки за политичка дискриминација е резултат на спроведувањето на локалните избори во април 2013 година и промената на локалната власт во неколку општини (Карпош, Охрид, Гостивар). Најспецифичен е случајот за разрешувањето на 8 директори на основни и средни училишта во општина Гостивар од страна на новиот градоначалник, без притоа да биде запазена постапката за разрешување, односно одлуката за разрешување да биде донесена од училишните одбори во конкретните училишта.

Понатаму, во однос на дискриминацијата Хелсиншкиот комитет на РМ години station наназад известува за општествената, но и системска дискриминација врз припадниците на ромската етничка заедница. Како особено сензитивни теми, во таа смисла, се дискриминацијата врз Ромите на граничните премини (како еклатантен пример за веројатноста од повеќекратна дискриминација, имено по основ на раса и етничка припадност), сегрегацијата и дискриминирачкиот третман на децата Роми во образовниот систем, непристапноста до добра и услуги, ограничувањата на правото на вработување и правата од работен однос.

Исто така, Хелсиншкиот Комитет на РМ посочува на дискриминација врз основ на сексуалната ориентација, ценејќи според нереагирањето и селективноста во постапувањето на институциите по повеќекратните напади на припадниците на ЛГБТИ заедницата. Оттука, Хелсиншкиот комитет на РМ заклучува дека институциите треба да ги препознаваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација, така што

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

припадниците на ЛГБТИ заедницата ќе добијат заштита и поддршка од институциите, кои треба да ги штитат правата на сите граѓани и превентивно да делуваат во спречувањето на насилството.

## КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА

Во текот на 2013 година Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ во рамки на проектот „Набљудување и известување за дела од омраза“, кој е финансиран од Мисијата на ОБСЕ во земјата, забележа 116 сторени дела од омраза. Околу 84% од делата од омраза се случиле поради различната етничка припадност на жртвата. Речиси во сите овие инциденти инволвирани се Македонците и Албанците. Во голем број од регистрираните инциденти (103) кои се квалификуваат каКо дела од омраза, жртвите и сторителите обично се припадници на различни етнички заедници (македонската и албанската), а извршените дела вклучуваат: напад, поседување и употреба на нелегално оружје, оштетување на имот, вандализам, закана, насилство, подметнување пожар и др. Во однос на горенаведеното, Комитетот сака да истакне дека државата не собира податоци за делата од омраза и со оглед на тоа што овој проблем не се појави во јавниот дискурс, неизвесно е дали во блиска иднина ќе имаме на располагање сеопфатни и споредливи официјални податоци за сторени дела од омраза. Дополнително, делата од омраза не се пријавуваат или истражуваат правилно од страна на надлежните кои треба да бидат обучени во однос на идентификација и одговор на злосторства од омраза.

## ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

Хелсиншкиот комитет не констатираше напредок ниту во делот на економските и социјалните права, иако во јавноста се добива впечаток дека постои нивно унапредување, особено во делот на правата од социјалната заштита, правото на вработување, правото на здравствена заштита.

Институционалната нефункционалност, во таа област, се забележува и во случајот на поголема група на глуви лица и лица со оштетен слух кои не можат да ги остварат своите права при комуникацијата, заради необезбеденост на толкувачи од страна на државата, и покрај обврската според Законот за употреба на знаковен јазик. Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ по ова прашање, реагираше до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и Министерството за финансии со повеќе дописи, во континуитет на протестите на оваа категорија на граѓани, при што исходот беше почеток на обуки за нови толкувачи, како и со обучување на вработени во дел од аптеките за примена на знаковниот јазик во нивната работа.

Во делот на правото на вработување, исклучителен интерес во јавноста предизвика случајот со јавниот оглас за вработувања во ЈП Македонски шуми, при што до

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Хелсиншкиот Комитет за човекови права на РМ пристигнаа повеќе поплаки од граѓаните за нетранспарентност, неправичност и селективност при изборот. Во овој дел би ја истакнале и нефункционалноста на Управниот суд во заштитата на овие права, кој продолжува со тенденцијата да не одлучува во разумен рок и да не донесува мериторни одлуки во предмети каде има доволно докази за таква одлука, со што ефикасно ќе се заштитат социјалните права.

## ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА

Од областа на граѓанските и политичките права, во изминатата година, со работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ беа опфатени и локалните избори (2013 г.), така што Комитетот преку својата отворена канцеларија им овозможи на граѓаните да пријават повреди на избирачкото право и на тој начин беа утврдени низа недоследности во избирачкиот процес.

Во однос на правото на здружување и слобода на изразување преку форма на протест или јавен собир, Комитетот проследи неколку протести каде што полицијата реагираше ненавремено или непрофесионално, и утврди прекршување или обиди за смеќавање на јавен собир, што посочува на практиката на рестрикција на уставно загарантираното право на протест. Ова се однесува на две групи на граѓани кои преку правото на мирен протест сакаа да го искажат незадоволство во врска со притворувањето на новинарот Томислав Кежаровски, и група средношколци кои протестираа против воведувањето на екстерно тестирање.

Комитетот ги проследи и насилните протести, во изминатата година, и констатира дека во Република Македонија одредени групи неказниво го прекршуваат Уставот и законите во Република Македонија со користење на насилни форми на изразување незадоволство за време на јавни собири во форма на протест или друг вид на јавен собир што претставува казниво дело. Тоа се однесува на протестите кои се случија на почетокот на март кои беа проследени со говор на омраза по основа на етничка припадност и понатаму, со дела од омраза. Имено, за некои дела од овие протести кои опфаќаа казниви насилни форми во изразувањето незадоволство, како и за физичката сила што ја употребуваа полициските службеници, институциите не покренаа постапка против сторителите на горенаведените дела, ниту е понесена одговорност за несоодветната реакција на полициските службеници кои се судрија со револтираната толпа. Од друга страна, говорењето омраза по основа на политичка определеност беше значително изразено за време на протестите организирани од неформалното граѓанско движење „Веритас".

Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, водејќи се од ставот 3 од Резолуцијата 1900 на Советот на Европа од 2012 г – каде како политички затвореник се смета лице чие лишување од слобода е резултат на определување притвор во спротивност на некоја од фундаменталните гаранции содржани во Европската конвенција за човекови права и/или

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

притворањето е резултат на постапка која е очигледно нефер и се чини дека е поврзана со политички мотиви на властите – ги истакнува случаите на Јован Вранишковски, Љубе Бошковски, Томислав Кежаровски и Мирослав Шиповиќ како политички монтирани процеси во кои се повредуваат правата и слободите на осудените.

**ЛГБТИ ЗАЕДНИЦА**

Изминатата година, делата од омраза каде сексуалната ориентација и родовиот идентитет се појавуваат како мотив, се втори на листата од пријавените случаи и статистиката која ја води Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија. Дури десет случаи се пријавени во различни градови како Скопје, Битола, Тетово. Но и покрј хомофобичното насилство во неколку случаи, со кои јавноста е запознаена (нападите врз ЛГБТИ активистите во Битола, нападите врз домот на Петар Стојковиќ и нападите врз ЛГБТИ Центарот за поддршка), институциите потфрлија во соодветна реакција и имплицитно се укажа на општиот дискриминирачки третман кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, кои не уживаат гаранции за остварување на своите права и слободи.

Дополнително отежнувачки е што сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет не се изречно предвидени како основа за дискриминација, а судовите и Комисијата за заштита од дискриминација не ја применуваат како основа ниту индиректно во Законот за заштита од дискриминација, иако на тоа ги обврзува европското законодавство во оваа област.

Во Извештаите на Комисијата за заштита од дискриминација не се наведуваат податоци за случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во праксата на државата има институционална опструкција на видливоста на овој вид дискриминација, а поттикнувањето и ширењето омраза и говор на омраза кон лицата од ЛГБТИ заедницата од страна на владини и про-владини медиумски сервиси дополнително ја влошува состојбата. Се повеќе сме сведоци на дела од омраза, напади врз лица кои учествуваат на манифестации на ЛГБТИ популацијата и по којзнае кој пат се напаѓаат просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка.

ЛГБТИ Центарот за поддршка како подружница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ во соработка со Националниот демократски институт (НДИ), канцеларијата во Скопје, започна со реализација на проектот Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за учество во законодавниот процес, каде што Центарот ќе биде посветен на реализација на законодавната иницијатива „Член 3“ Граѓанска иницијатива за хармонизација на националното антидискриминациско право со правото на ЕУ. Опсегот на проектот е ограничен на Членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а активностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка ќе бидат насочени кон законско дефинирање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како посебни можни основи

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

за дискриминација.

Имајќи го предвид отсуството на законско спречување и заштита од дискриминација врз основ на сексуална ориентација и родов идентите, припадниците на ЛГБТИ заедницата се ограничени во својата безбедност, при тоа соочувајќи се со неможноста за целосно остварување на нивните права и слободи. Таквата изложеност на оваа заедница, особено се потенцира насилството кое не се третира институционално, немајќи соодветна легислативна рамка и судска практика. Тоа најдобро се отсликува во насилството како резултат на говор на омраза. Оттука, реагирајќи на медиумската злоупотреба на слободата на изразување како оправданост за одредени објавени содржини кои, всушност, имаат елементи на говор на омраза, Хелсиншкиот комитетот за човекови права на РМ ги повика Владата и Собранието на Република Македонија конечно да ја препознаат потребата од вклучување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за говор на омраза и дела од омраза во Кривичниот законик на Република Македонија, што би претставувало почеток на остварувањето на принципот на почитување на различностите како еден од основните принципи на демократска држава.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# I. СУДСТВО

## *1. Вовед*

Една од основните активности на Хелсиншкиот комитет е набљудување на судските постапки ширум државата, особено од кривичната и граѓанската област. Во текот на 2013 година беа набљудувани десетици предмети, за време на неколку стотини судски рочишта. Дополнително, преку својата програма за бесплатна правна помош, Хелсиншкиот комитет беше во можност да разгледува и постапува по голем број на судски предмети, вклучително и на оние кои се водат пред Управниот суд. Иако споредено со изминатата деценија значително е намален бројот на активни судски предмети (факт кој покрај другото се должи и на префрлување на предмети во надлежност на нотарите и извршителите), сè уште опстојуваат системските проблеми кои судството не успева да ги надмине, ги надминува пребавно, или ги продлабочува. Главните проблеми при водењето на кривичните постапки вклучуваат: повреда на пресумпцијата на невиност; праксата на изрекување на колективни, идентични и стереотипни решенија за притвор; необјавување на составот на судскиот совет; непочитување на решенијата на претседателот на Врховниот суд за снимање на главните расправи; исклучување на јавноста при распит на загрозен/заштитен сведок; и надминување на роковите за изготвување на пресуди. Во граѓанските предмети пак, најчестите проблеми вклучуваат: повреда на правото на судење во разумен рок; надминување на роковите за објава и изготвување на пресуди; и непочитување на принципот „товар на докажување“.

### 1.1 Судски постапки од кривично-правната материја

*а) Повреда на принципот на пресумпција на невиност*

Во дел од судските постапки набљудувани од страна на Хелсиншкиот комитет против обвинетите е определена мерка притвор. При разгледување на решенијата за определување и продолжување на оваа мерка, се забележува дека во формулацијата на текстот за причините поради кои притворот се определува, судиите ја повредуваат пресумпцијата на невиност. Имено во неколку решенија за притвор кои наликуваат едно на друго се наведува дека притворот се определува поради „степенот на кривична одговорност“ и „начинот на извршување и мотивите за извршувањето на делата“. Степенот на кривичната одговорност и начинот и мотивите за извршување на делата може да се утврди само откако главната расправа завршила, а не и за време на истрагата или во текот на судскиот процес.

*б) Колективни, идентични и стереотипни решенија за определување на мерката притвор*

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Во набљудуваните постапки во кои како обвинети се јавуваат повеќе лица, утврдено е дека судиите сѐ уште определуваат и продолжуваат притвор преку колективни решенија. Иако е забележлив напредок при определувањето (судиите во засебни пасуси се осврнуваат на секој обвинет поединечно), опстојува праксата на колективно продолжување на притворот за група на обвинети на кои им се споменуваат имињата, но не и индивидуален осврт за причините поради кои на секој обвинет засебно му се продолжува мерката притвор.

*в) Необјавување на составот на судскиот совет*

И стариот и новиот Закон за кривичната постапка предвидуваат дека при започнување на главниот претрес односно главната расправа, претседателот на советот покрај останатите обврски, задолжително мора да го објави и составот на советот. Во над 90% од следените постапки, претседателот не го претставил составот на советот. Иако не се работи за суштествена повреда на законот, претставувањето на советот е од значење како за транспарентноста на постапката, така и за отчетноста на членовите на судските совети.

*ѓ) Оневозможување на снимање за време на судски расправи*

Согласно Законот за кривичната постапка, во судницата не можат да се вршат филмски и телевизиски снимања. По исклучок, со дозвола на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, новинарите може да снимаат одделна главна расправа. Во текот на следењето на судските постапки во Основниот суд Скопје 1, набљудувачите на Хелсиншкиот комитет на неколку главни расправи забележаа дека советот ги отстранува новинарите по снимањето на кратки инсерти и тоа пред главната расправа воопшто да започне. Поради ваква пракса на судот, јавноста не може да добие целосна слика за условите под кои се води еден кривичен предмет, а се остава простор за грешка и при медиумското известување. Иако е неспорно дека судечкиот судија односно судскиот совет може да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат, од досега набљудуваните постапки се утврди дека снимателите се отстрануваат од судниците без за тоа да биде донесено решение. Со ваквото постапување не се почитува дозволата на претседателот на Врховниот суд.

*е) Исклучување на јавноста при распит на загрозен/заштитен сведок*

Следејќи ги судските постапки во кои како сведоци се јавуваат лица со прикриен идентитет, Хелсиншкиот комитет утврди дека јавноста по правило се исклучува. Во случајот познат меѓу јавноста како „Ровер" во кои еден од обвинетите беше и поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски. Имено, во овој судски процес од страна на проф. д-р Гордан Калајџиев, беше испратено известување дека истиот во улога на научен работник,

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

како професор по кривична постапка на Правниот факултет „Јустинијан I", ќе го набљудува претресот. Позитивно мислење за стручната јавност да не биде исклучена од распитот на заштитениот сведок даде и јавната обвинителка, како предлагач на сведокот, со што за прв пат се покажа волја од страна на јавното обвинителство за поголема транспарентност во постапката на сослушување на заштитен сведок. Сепак, судскиот совет одлучи да ја исклучи јавноста во целост, вклучително и стручната јавност. Константните одлуки на советите за исклучување на јавноста во предмети каде се јавуваат заштитени сведоци не овозможува простор за утврдување дали се остварува принципот на фер и правично судење. Особено загрижува исклучувањето на стручната јавност, која единствено би го следела посебниот начин на сослушување на заштитениот сведок, а со цел да се утврди примената на законските одредби со кои е уреден начинот на заштита на сведоците во Република Македонија и неговото влијание врз принципот на фер и правично судење.

*ж) Надминување на роковите за изготвување на пресуди*

Генерален е впечатокот дека судовите понекогаш не ги почитуваат одредбите од Законот за кривичната постапка во однос на роковите за изготвување на пресудите. Не се почитува рокот за изготвување од 15 дена засметан од заклучувањето на главната расправа, а забележани се и случаи на надминување на рокот од 60 дена за посложени предмети. Покрај тоа што оваа пракса влијае врз долготрајноста на судските постапки, таа може особено да ги повреди правата на обвинетите кои се наоѓаат во притвор, ситуација во која Законот за кривичната постапка предвидува итна судска постапка.

**1.2 Судски постапки од областа на граѓанската и управно-правната материја**

*а) Повреда на правото на судење во разумен рок*

Во постапките каде што е предвидено итно решавање на случаите кои се водат пред граѓанските судови, констатирано е нивно одолговлекување, како и непочитување на законски предвидените рокови. Типичен пример на одолговлекување на постапките, забележано е во споровите каде се утврдува одговорност за навреда и клевета, како и во работните односи, чии постапки според Законот за парничната постапка се сметаат за итни и пред првостепениот суд мора да завршат во рок од шест месеци. Така на пример, во еден предмет од областа на работните односи беше утврдено дека од денот на поднесување на тужбата до донесување на пресудата беше изминат период од две години и шест месеци, што е неколкукратно надминување на утврдената временска рамка.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Повредата на правото на судење во разумен рок од страна на Управниот суд продолжи и во 2013 година и постапките кои траеја по 7 или 8 години, а во еден случај и 17 години, се уште не се правосилно завршени. Одбивањето на Управниот суд мериторно да одлучи во предметите, посебно кога се работи за економските и социјалните права на граѓаните, влијае на ефикасната судска заштита во овие случаи, а со тоа и повреда на правото на судење во разумен рок.

*б) Надминување на роковите за објава и изготвување на судски пресуди*

Генерален е впечатокот дека судовите многу често не ги почитуваат одредбите од Законот за парничната постапка во однос на роковите за објава и изготвување на пресудите. Пресудите скоро никогаш не се објавуваат веднаш по заклучувањето на главната расправа (во согласност со чл. 324 ст. 3 од ЗПП), иако не секогаш се работи за посложени предмети. Не се почитува ниту рокот за објавување од осум дена засметан од заклучувањето на главната расправа, во случаите кога се работи за посложени предмети (чл. 324 ст.4 од ЗПП). Сличен е случајот и при изработката на судските пресуди, односно и во овој дел е забележано непридржување кон законските рокови при изработката и доставата на пресудите, во смисла на чл.326 ст.1 од Законот за парничната постапка.

*в) Непочитување на институтот „товар на докажување"*

Почитувањето на институтот на префрлување на товарот на докажување е од големо значење, како од аспект за заштита на жртвите, така и од аспект на следење на меѓународната пракса и законодавството на Европската унија. Со усвојувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, одредбите од Законот за работните односи кои се однесуваа на заштита од вознемирување на работното место, а потоа и Законот за заштита од вознемирување на работно место и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, се предвиде товарот на докажување да падне на страната на тужениот, доколку стори веројатно дека бил жртва на дискриминација, вознемирување на работно место или на навреда или клевета. Од набљудуваните постапки во овие области може да биде констатирано дека судиите немаат пракса, ниту пак се обидуваат да создадат пракса за префрлување на товарот на докажување на страната на тужениот. Ова е од особено значење во случаите на дискриминација и вознемирување на работното место, поради тоа што собирањето на доказите од страна на тужителот е отежнато со оглед дека не секогаш тужителите имаат пристап до информации кои би ја докажале наводната дискриминација, односно вознемирување. Дополнително, ова влијае на ефикасното поведување на постапка за утврдување на дискриминација, односно вознемирување, преку која може да се бара и привремени мерки за заштита од виктимизација.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## *2. Случај Мартин Нешкоски*

Во јуни 2011 година, вработени и функционери во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија се обидоа да го прикријат убиството на Мартин Нешкоски кое се случи на плоштадот „Македонија" во Скопје. Правосудните органи поведоа постапка единствено против убиецот кој беше осуден на 14 годишна затворска казна. Во март 2013 година, до семејството Нешкоски од страна на Апелациониот суд во Скопје беше доставено конечно решение со кое се одбива отпочнување на судска постапка преку која ќе беше возможно да се утврди постоењето на евентуална вина и да се изрече соодветна кривична санкција против сите инволвирани во настанот. Неефективната истрага во врска со убиството од страна на полицијата и јавното обвинителство, како и одбивањето на судовите да спроведат судска постапка резултираше со повреда на Член 2 од (право на живот) и Член 13 (право на реална жалба) од Европската конвенција за човекови права и слободи. Поради таа причина, Хелсиншкиот комитет состави жалба која беше испратена до Европскиот суд за човекови права.

Обидот за прикривање на убиството од страна на полициските службеници присутни на плоштадот, преку непревземање на полициските овластувања како што се легитимирање, земање изјави од сведоци, обезбедување на местото на кривичното дело, приведување на осомничениот и пријавување на убиство, укажува на фактот дека униформираните полицајци не само што не биле независни во своето постапување, туку и самите сториле кривични дела. Со тоа тие станале соучесници во убиството, повредувајќи го на тој начин правото на живот. Во конкретниот случај постојат впечатливи пропусти во полициската истрага, но и намерен недостаток на координација помеѓу различните полициски служби кои биле инволвирани во убиството. Во врска со истрагата од страна на Јавното обвинителство, повредата на Член 2 од Конвенцијата се однесува на безрезервната доверба при прифаќањето на верзијата на настаните опишана од полициските службеници и недостаток на самоиницијативност и ефективност за време на истрагата. Дека обвинителството не ги преземало сите истражни мерки, покрај другото, укажува фактот што барањето за обезбедување на видео записи од камерите кои се поставени на плоштадот уследило неколку месеци по убиството. Со тоа, обвинителството свесно пропуштило да преземе една од најважните истражни постапки кои му стоеле на располагање.

Ниту едно од образложенијата поради кои не е покрената судска постапка како од обвинителството така и од судот нема законска поткрепа и не се базира на фактите во предметот. Според правосудните органи нема основи на сомнение дека полициските службеници присутни на плоштадот ги сториле кривините дела што им се ставаат на товар. Ова не е точно од проста причина што не може да се верува дека полицајците мислеле дека на Мартин му се слошило затоа што само неколку минути пред да го видат во безсознание тие зборувале со него и тој бил во одлична здравствена состојба. Тие исто така виделе дека убиецот го брка, како што морале да видат дека по неговото тело има повреди. Еден од овие полицајци и признава дека требал да ги преземе полициските овластувања но тоа не го

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

сторил. Исто така не може да се прифати фактот дека судовите положиле доверба во сите искази на пријавените полицајци без воопшто да ги сослуша за време на јавна и контрадикторна судска постапка.

## *3. Лустрација*

Процесот на лустрација продолжи да се одвива на начин кој само ја потврдува повеќепати потенцираната констатација дека власта овој процес го користи за справување со политичките противници и со сите оние што имаат критички став спрема политиките на актуелната власт. Случаите кои во текот на 2013 година беа предмет на постапување на Комисијата за верификација на фактите го илустрираа и непрофесионалниот начин на работење на штета на честа и угледот на граѓаните. Комисијата продолжи да работи и по истекот на нејзиниот петгодишен мандат. Имено, во јануари 2014 година Собранието на РМ не успеа да обезбеди кворум за да бидат избрани нови членови на Комисијата. Без нов избор на членови на Комисијата и без пренесување на мандат од страна на законодавниот дом, Комисијата мораше да се samoраспушти. Во април 2014 година, Уставниот суд расправаше по поднесената иницијатива за преиспитување на т.н. Закон за лустрација поднесена во 2012 година од страна на Хелсиншкиот комитет. Со решение беше одлучено дека нема да биде поведена постапка за оценување на законот, со што Уставниот суд му даде легитимитет на несомнено најнеуставниот закон кој било кога бил усвоен во Македонија.

Во случајот на Петар Карајанов со Решение на комисијата беше утврдено дека „соработувал со органите на државната безбедност во својство на таен соработник“ при што како доказ за неговите активности беше користено досие на друго лице со исто име и презиме. Фактите за сторената грешка се неспорни имајќи ги предвид основните податоци за „другиот Петар Карајанов“. Меѓутоа, Комисијата за верификација на фактите и покрај јавно презентираните неправилности и укажувањата на Хелсиншкиот комитет, сепак остана на донесеното решение. Поради очигледноста на погрешното постапување, Хелсиншкиот комитет на г. Карајнов му обезбеди правна помош при составувањето на тужба до Управниот суд кој неаргументирано само го потврди решението на Комисијата. Во моментот Вишиот управен суд одлучува по жалбата составена од Хелсиншкиот комитет.

Комисијата за верификација на фактите го лустрираше и професорот и поранешен министер за внатрешни и надворешни работи Љубомир Д. Фрчковски утврдувајќи дека тој бил наредбодател и корисник на информациите од органите на државната безбедност, во времето кога ја извршувал функцијата министер за внатрешни работи. Со овој акт на лустрација Комисијата за верификација на фактите само ја потврди тенденцијата да се гонат и етикетираат сите критичари на актуелната власт без притоа да се води сметка за основната функција и цел која ја има законот за лустрација согласно меѓународните стандарди.

Процесот на лустрација во 2013 година беше обележан и со лустрација на починати лица како што беше случајот на истакнатиот македонски писател Славко Јаневски, што говори за

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

веќе транспарентна политика на гонење на истакнати дејци од поранешниот систем и покрај тоа што лустрирањето пред се има за цел спречување на лица кои во поранешниот систем ги кршеле човековите права и слободи, во актуелниот систем да вршат јавна функција. Реагирајќи на лустрацијата на Славко Јаневски, веднаш потоа беше лустриран и академик Томе Серафимовски и писателот Божин Павловски со што беше очигледно намерата да бидат казнети за јавно изречената осуда на лустрацијата на Славко Јаневски.

Со ова, извршната власт, преку Комисијата, упорно и дрско продолжува со кршењето на Уставот и одлуките на Уставниот суд на Македонија (особено во делот на важење на законот по 1991 година), игнорирање на мислењето на Венецијанската комисија од 2012 година и препораките содржани во Резолуцијата на Советот на Европа 1096 (1996). Процесот на лустрација во Македонија со овие чинови потполно се измести од својата морална основа и е во спротивност со сите стандарди врз кои треба да се води овој процес кој се претовари во отворен „лов на вештерки“ и бркање од работа на професори и интелектуалци како во мрачните денови на комунизмот и едноумието.

Хелсиншкиот комитет уште еднаш би сакал да потсети на укажувањето на Советот на Европа дека процесот на расчистување со минатото мора да биде заснован врз принципите на законитост и правичност. Наспроти ваквите постулати, процесот на лустрација во Македонија е класичен пример за инквизиторска постапка во која обвинетите лица воопшто не се сослушуваат и немаат можност да се бранат. Како последица, за низа како новинари, професори, академици и други, резултатот од оваа постапка е еднаков со казнената санкција од Кривичниот законик – забрана за вршење професија, дејност или должност. Ваквиот став е содржан и во неколку пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет ќе продолжи активно да ги штити основните права и слободи на сите недолжни жртви на неуставниот процес на лустрација. Доколку Управниот суд и Вишиот управен суд не ја обезбедат тајноста на личните податоци, заштитата на личниот интегритет, почитувањето на приватноста, семејниот живот, достоинството и угледот, Комитетот е убеден дека правдата ќе биде задоволена пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

## *4. Уставниот суд и автономијата на универзитетот*

Уставниот суд на Република Македонија по безмалку 2 години од поднесувањето на иницијативите од страна на група професори за оценување на 18 одредби од измените на Законот за високото образование и на неколку уредби и правилници со кои се уредува вршењето на високообразовната дејност донесе решение за поведување на постапка за оценување на уставноста единствено на членот 70 став 6 од Законот за високо образование кој се однесува на именувањето на претседателот на Одборот за акредитација и евалуација од страна на Владата на Република Македонија и членот 96 став 7, според кој менторот на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

докторскиот труд не може да биде член на комисијата за одбрана на докторскиот труд. Врз основа на ова, се поведе постапка и за член 15 став 2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, кој е во корелација со членот 96 став 7 и според кој менторот на докторскиот труд не може да биде член на Комисијата за одбрана на докторскиот труд. Сметајќи дека единствено кај овие одредби може да се постави прашањето на повреда на автономијата на Универзитетот и повредата на принципот на владеење на правото, Уставниот суд не успеа да ја заштити автономијата на Универзитетот од влијанието на извршната власт во делот на надворешната евалуација, самоевалуацијата, работата и обврските на Одборот за акредитација и евалуација , во правото да ги утврдува критериумите и условите за прв, втор и трет степен на студирање, како и условите за избор во наставно-научно звање, самостојно да одлучува за трошењето на средствата од буџетот на универзитетот и за оценувањето на знаењето на студентите.

Сметаме дека со ваквите одлуки на Уставниот суд се зајакнува влијанието на извршната власт врз работата на Универзитетот, кој според Уставот на Република Македонија има гарантирана автономија. Дополнително, автономијата на универзитетот и принципите според кои треба да се води секоја земја при обезбедување на оваа автономија се предвидени и со Лисабонската декларација на Европската Универзитетска асоцијација и Магна Карта на универзитетите, според кои е неопходно постоењето на академска слобода, финансиска автономија, организациона автономија и кадровска автономија на универзитетот.

Дека не се земени предвид реакциите на универзитетските професори и сенаторите за повредувањето на автономијата на Универзитетот од страна на извршната власт, говорат и последните измени на Законот за високо образование, кој на предлог на Владата, се донесе од страна на Собранието на Република Македонија без претходна стручна расправа. Имено, со новите измени се предвидува одобрување на наставните програми од страна на извршната власт, книгите од кои студентите ќе учат, начинот на гласање при одлучувањето, начинот на трошење на средствата на Универзитетот, со што повторно се повредува и финансиската автономија. За овие измени повторно беше поднесена иницијатива до Уставниот суд, но истиот повторно не успеа да ја заштити автономијата на Универзитетот, отфрлајќи ја и втората иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста (на член 87-а ставови 1 и 2 и член 99, став 3  од Законот означен за високо образование и на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, во целина). Хелсиншкиот комитет не е изненаден од ваквото постапување на Уставниот суд, ако се земе предвид претходната одлука за истиот закон, но и одлуките кои ги носеше овој суд во текот на целата 2013 година. Во издвоеното мислење на Уставниот суд, и покрај флагрантното кршење на автономијата на Универзитетот со последните измени беше наведено: Базичен став е дека гаранцијата на автономијата на универзитетот утврдена со член 46 од Уставот не ја исклучува можноста за влијание на државата во работењето на универзитетот на секој сегмент од неговото делување, па дури и во располагање со финансиските средства, преку соодветното министерство, кое е во насока на почитување на Законот за високо образование и Уставот.

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# II. ЗАКОНОДАВСТВО

## *1. Закон за правосудниот испит*

Во октомври 2013 година беше усвоен новиот Закон за правосудниот испит. И покрај тоа што усвоениот закон е ново решение, сосема поинакво од сегашниот начин на спроведување на правосудниот испит, разгледувањето на предлогот во Собранието се одвиваше по скратена постапка. Според новиот Закон, предвидени се измени во составот на комисијата за спроведување на испитот, стручното и научно градиво, субјектот за техничко спроведување на испитот (кој се предвидува да биде приватен, а не државен), електронско полагање преку компјутер, бодовен систем итн. Примената на Законот е предвидено да започне во октомври 2014 година, а најдоцна до средината на февруари 2014 година Министерството за правда беше задолжено да усвои правилник со кој ќе го пропишеше начинот на бодување на испитот. До затворањето на овој извештај правилникот не беше усвоен.

Усвојувањето на еден значаен закон како што е Законот за правосудниот испит не можеше и не смееше да се одвива по скратена постапка. Имено, скратената постапка според Деловникот на Собранието е предвидена за предлози на закони кои не се сложени и обемни. Сложеноста на Законот за правосудниот испит се огледа во фактот што овој испит е еден од клучните елементи за вршење на високо одговорни правни професии во приватниот, а особено во државниот сектор. Преку правосудниот испит се проверува знаењето на идните судии, јавни обвинители, државни правобранители, нотари, извршители, адвокати и други високи позиции во државната управа. Законот беше усвоен без воопшто да се консултираат Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ, Нотарската комора, Комората на извршители, Адвокатската комора, Министерството за правда, правните факултети и другата стручна и научна јавност.

Во Законот се содржани решенија кои не се доволно јасни и можат да внесат забуни и недоречености при нивната примена. Така на пример, постојат решенија од типот на „Прашањата кои се составен дел од студиите на случај се од областа на предметот на кој е заснована студијата на случајот и имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни“ или испитот „содржи 50 прашања со пет опции за заокружување од кој едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).“ Нејасно е според кои критериум составувачот на прашањата ќе определи што е слично, а што е неточно во „мал обем“ или во „голем обем“. При изготвувањето на Законот се земени предвид одредени решенија од полагањето на американскиот правосуден испит.

Хелсиншкиот комитет смета дека предложениот Закон за правосудниот испит е недоволно разработен, содржи премногу новини за да биде донесен во скратена постапка, користи решенија кои не одговараат на нашиот правен систем кој во огромна мера се разликува од

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

американскиот и може да има негативни влијанија врз правосудството и работата на државната управа.

## *2. Закон за прекин на бременоста*

Донесувањето на закони по скратена постапка, дури и кога се работи за уредувањето на сензитивни области кои бараат широка јавна расправа стана пракса за Собранието на Република Македонија. Од ваквиот начин на постапување не беше исклучено ниту уредувањето на постапката за прекин на бременоста, право на жената гарантирано со Уставот на Република Македонија.

Претставниците на Комитетот честопати предупредуваа за неуставноста и рестриктивноста на предложениот Закон за прекинување на бременоста, како и за фактот дека неговото донесување по скратена постапка согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ќе придонесат за суштинска повреда на човековите права и слободи на жените. И покрај протестите одржани пред Собранието на Република Македонија од повеќе здруженија на граѓани чиј фокус се родовата еднаквост и заштитата на женските права и искажаното негативно мислење на јавната расправа во Собранието на Република Македонија, предложениот закон беше донесен без суштинска промена.

Оттука, Хелсиншкиот комитет заедно со невладините организации Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Коалиција "Сексуални и Здравствени права на маргинализирани заедници", Реактор – Истражување во акција и Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд заеднички поднесоа иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за прекинување на бременоста.

Во поднесената инцијатива се оспорени членови и ставови кои се во директна колизија со Уставот на Република Македонија како и меѓународни документи кои државата ги ратификувала и согласно член 118 од Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не може да бидат менувани со закон.

Во тој поглед горенаведените иницијатори утврдија дека додавањето на формулацијата „постапката за одобрување на прекинување на бременоста", како и самата постапка за прекинување на бременоста, забраната за повторно вршење интервенција за прекин на бременоста во рокот од една година, дозволата од родителот/старателот за малолетните девојки и лицата со одземена или ограничена способност, поднесувањето на писмено барање за прекин на бременоста, задолжителното советување, должноста на докторите да советуваат за предностите од бременоста и носењето на акти и прописи во врска со прекинот на бременоста од страна на Министерот за здравство, составот на Комисијата која постапува по поднесени барања и непостоењето на судска заштита создаваат можности за мешање на државата во правото на избор и слободно одлучување на жената и се спротивни на Уставот

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

на Република Македонија, Конвенцијата за сите форми на елиминација на дискриминацијата врз жената, Конвенцијата за правата на лица со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност.

Всушност, со Законот за прекин на бременоста се врши директна повреда на правото на приватност кое што го вклучува и семејниот живот, дискриминација согласно националното и меѓународното законодавство, груба повреда на правниот поредок односно поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт како и постојат основи за тортура односно нехуман третман кон ранливи категории на граѓани. Дополнително, направил повреда на постојното законодавство или Законот за заштита на права на пациенти и грубо навлегува во доменот на репродуктивното здравје скратувајќи ја деловната способност на жената самостојно да се грижи за здравјето согласно член 39 во Уставот на Република Македонија.

## *3. Закон за заштита од вознемирување на работно место (Мобинг)*

Хелсиншкиот комитет ја поздрави иницијативата за донесување на посебен закон за заштита од вознемирување на работното место, поради тоа што постоечките членови во Законот за работните односи не беа доволни да ги заштитат вработените од психичко и сексуално вознемирување на работното место. Сепак, сметаме дека истиот е нејасен и несеопфатен, поради што нема да успее да ги заштити вработените од психичко и сексуално вознемирување на работното место. Во процесот на подготовка на Законот, Хелсиншкиот комитет достави забелешки за нацртот на предлог законот до Министерството за труд и социјална политика кои се однесуваа на:

Недостатокот од дефиниција за тоа што претставува сексуалното вознемирување, потребата од дополнување на член 3 со став кој ќе определува дека лицето изложено на мобинг од страна на работоводен орган во правното лице или физичко лице како работодавач, може да поведе судска постапка за заштита од мобинг без писмено да се обрати со цел да укаже дека неговото однесување му пречи , наведување на прецизни услови кои работодавачот треба да ги обезбеди во процесот на работа со цел работата да се врши во атмосфера за взаемно почитување, соработка, без непријателско, понижувачко или навредливо однесување, наведување на професионалниот профил, квалификациите и обученоста на лицата кои можат да бидат посредници во постапката за помирување, предвидена со предлог законот, предлог за бришење на членот 19 кој предвидува писмено обраќање на вработениот или друго лице кое смета дека е изложен на мобинг до лицето за кое смета дека му врши мобинг, како услов за покренување на постапка за заштита од мобинг, поради оптоварување и одолговлекување на постапката за заштита од мобинг и прецизирање на одредбите кои го определуваат товарот на докажување во случај на судски спор, со цел истиот да падне на товар на тужениот.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Министерството за труд и социјална политика не извести дека се прифатени забелешките во однос на недостатокот од дефиниција за тоа што претставува сексуалното вознемирување, потребата од дополнување на член 3 со став кој ќе определува дека лицето изложено на мобинг од страна на работоводен орган во правното лице или физичко лице како работодавач, може да поведе судска постапка за заштита од мобинг без писмено да се обрати со цел да укаже дека неговото однесување му пречи, како и дека нацртот на предлог-законот е дополнет согласно прифатените забелешки.

Хелсиншкиот комитет беше повикан и на јавната расправа за законот во Собранието на Република Македонија, каде горенаведените забелешки беа повторно потенцирани, вклучително и забелешките за менување на колективните договори за јавниот и приватниот сектор, товарот на докажување во случај на судски спор, нефункционалноста на законот кога се работи за мали претпријатија од неколку вработени.

Сепак забелешките на Хелсиншкиот комитет не беа прифатени и Законот беше донесен во предложената форма. Оттука, сметаме дека вака конципираните одредби не ги заштитуваат целосно правата на жртвите на мобинг и не ја олеснува постапката на докажување на мобингот, поради што и истата лесно може да доведе до конфузија кај работниците, работодавачите, но и во постапувањето на судските органи.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# III. ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## *1. Вовед*

Во 2009 година, преку измени на Кривичниот законик беше заострена казнената политика за кривичното дело тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Според важечките одредби, предвидената санкција за тортура е од три до десет години затворска казна, додека за малтретирање при вршење на службата следува една до пет години казна затвор. Република Македонија ги има потпишано и ратификувано сите конвенции кои се однесуваат на превенција на тортурата. На тој начин, националната легислатива формално е усогласена со меѓународните стандарди. Сепак, Законот за извршување на санкциите и Законот за полиција, како и подзаконските акти кои произлегуваат од нив, иако усогласени со меѓународните стандарди, не се применуваат во целост со што државата потфрла во спроведувањето на сопствените меѓународни обврски.

Во периодот 2009-2012 година, само осум лица биле осудени за малтретирање при вршење на службата, од кои на две им била изречена затворска казна, додека на другите шест им била изречена условна осуда. Во овие години, вклучително и во 2013 година, не е изречена ниту една пресуда за кривичното дело тортура. Од друга страна, во последните три години, до Хелсиншкиот комитет беа доставени десетици поплаки од жртви на тортура и членови на нивните семејства, но Комитетот исто така делуваше и на своја иницијатива преку остварување средби со жртвите и нудејќи им правна помош. Голем дел од овие жртви беа подложени на физичка и психолошка тортура во затворени институции (полициски станици, притворски одделенија, затвори и психијатриски институции), далеку од вниманието на јавноста и на медиумите.

Надзорните механизми се само делумно функционални и не може да се сметаат за независни. Со стапувањето на сила на Опционалниот протокол на Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во 2009 година, Народниот правобранител беше назначен како Национален превентивен механизам кој започна со извршување на своите надлежности во 2011 година. Ефективноста на овој механизам во првите три години е на незадоволително ниво, особено поради недостаток на стручен кадар и неучеството на граѓанските организации, кое и покрај тоа што е возможно, не се применува во пракса. Работењето на Министерството за внатрешни работи (МВР) е подложно на внатрешна и надворешна контрола. Собранието на Република Македонија и Народниот правобранител ја вршат надворешната, додека Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР ја врши внатрешната контрола и надзор. Државната

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

комисија за вршење надзор над казнено-поправните и воспитно-поправните установи, чии одлуки би биле задолжителни кон сите оние на кои се однесуваат, е оформена само на хартија. Не е активна и не ги врши своите надлежности. Оттаму, со исклучок на Народниот правобранител, во Македонија не постојат други постојани механизми за надзор на затворите и на Управата за извршување на санкциите.

Поради наведените недоследности, опстојуваат главните проблеми идентификувани на полето на затворените институции: пренатрупаност, супстандардни услови за живот, неадекватна хигиена, недоволен пристап до правни услуги итн. Во 2013 година, значителен број на осудени лица и притвореници се обратија до Хелсиншкиот комитет тврдења дека не можат да го остварат правото на здравствена заштита. Овие граѓани, како резултат на нивната влошена здравствена состојба, на сопствена иницијатива и на сопствен трошок бараат да им биде овозможена соодветна терапија или да бидат прегледани од нивните матични доктори. Преку неколку примери, Хелсиншкиот комитет утврди дека вработените во затворените институции непотребно ги одолговлекуваат постапките по ваквите барања, а многу често не се овозможуваат прегледи надвор од институциите.

## *2. Полициска тортура во Охрид*

Во текот на месец април до Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати лицето Јане Милошоски од Охрид. Според неговите наводи кои се поткрепени со докази (нотарска изјава на сведок и медицински извештај), во март 2013 година, г. Милошоски бил физички нападнат, малтретиран и понижуван од неколку полициски службеници. Посочените лица, сите вработени во Министерството за внатрешни работи, во посебната единица „Алфа" Скопје, вечерта на еден ден пред локалните избори, во Охрид, го запреле г. Милошоски и насилно го извлекле од неговото возило. Со три патнички моторни возила, без никаква причина и образложение, околу дванаесет вооружени специјалци, со вперени автоматски пушки врз г. Милошоски му ставиле лисици на рацете, го легнале долу на асфалтот и започнале да го удираат со клоци, тупаници и со кундаците од автоматското оружје по целото тело, а додека траело физичкото малтретирање, едно од лицата со автоматска пушка ги бркало случајните минувачи кои што поминувале и се чуделе зошто го тепаат. За овој настан сведочат двајца очевидци кои биле само неми посматрачи на она што се случувало бидејќи иако се обиделе да му помогнат на г. Милошоски, биле насилно избркани од наоружаните полициски службеници, при што им биле упатени пцости и закани.

Потоа, на г. Милошоски му била ставена некаква јакна на главата и насилно бил внесен во некое возило со кое што без никаква причина бил однесен во ПС ОН Охрид каде што продолжила физичката тортура, по што му се влошила здравствена состојба и бил пренесен во болницата во Охрид, а поради сериозноста на повредите, со видливи надворешни и

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

внатрешни повреди по целото тело, бил итно пренесен во болницата во Струга каде врз него бил извршен хируршки зафат операција, а потоа бил задржан околу 15 дена на интензивно лекување во болницата во Струга. По приведувањето од страна на службените лица во СВР Охрид бил направен детален претрес на патничко возило на г. Милошоски, но по извршениот увид се констатирало дека не се најдени никакви траги за наводно сторено кривично дело.

Полициските службеници овој случај го евидентирале како „Напад на службено лице при вршење работи на безбедноста", што според г. Милошоски е нотoрна лага, а со цел полициските службеници да се заштитат себеси од нивната злоупотреба. Во врска со ова, за Хелсиншкиот комитет е нејасно каква би била побудата на едно лице да изврши напад над дузина службени лица кои според г. Милошоски, но и според сведоците, биле наоружани со автоматско оружје.

Од сите погоре изнесени наводи, според Хелсиншкиот комитет, постои силни индикации и основано сомневање дека посочените и непознатите полициски службеници го сториле кривичното дело Мачење и друго сурово нечовечко понижувачко постапување и казнување (чл.142 ст.1 од Кривичниот законик на РМ). Поради таа причина, Хелсиншкиот комитет испрати претставка до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, со барање Секторот во согласност со своите законски надлежности, да преземе итни мерки за проверка на овој случај. По краткотрајната проверка, според Секторот не се утврдени прекршувања на полициските овластувања. Хелсиншкиот комитет го набљудува тековното судење во кое г. Милошоски наместо како оштетен се јавува како обвинет.

## *3. Полициска тортура во Демир Хисар*

Во август 2013 година, до Хелсиншкиот комитет се обрати лицето Мирослав Василевски, жртва на полициска тортура. Тој во јуни 2013 од страна на полициски службеници во полициската станица во Демир Хисар било повикано на информативен разговор, без да му се каже причината за тоа. Според неговите тврдења, веднаш по влегувањето во станицата, еден полициски инспектор почнал да му вика и да го навредува, обвинувајќи го за кражба на акумулатори. Во просторијата тогаш влегол друг полициски службеник кој без никаков повод го удрил со колено во пределот на ребрата. Иако г. Василевски паднал на подот, полицискиот инспектор продолжил да го удира по главата и да го гази по телото.

По овој прв напад, инспекторот излегол од просторијата, но по кратко време се вратил и продолжил со физичкиот напад, при што Мирослав бил удрен со тупаница во пределот на слепоочницата, потоа по тилот и во коленото. Од ваквиот напад тој повторно паднал на подот, по што полицискиот инспектор го кренал и го однел во друга просторија во која се наоѓале други осомничени лица кои биле осомничени за кражба на акумулатори. Инспекторот започнал да им се заканува и да им врши притисок да признаат дека и жртвата била со нив кога крaделе. И покрај притисокот, осомничените не ја потврдиле оваа теорија,

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

па полицискиот инспектор започнал да ги удира. Во присуство на другите осомничени, тој г. Василевски го турнал најпрвин во вратата, па во ѕидот, за на крај уште еднаш со главата да го удри од масата.

На крајот, инспекторот кој ја вршел тортурата го известил г. Василевски дека неговиот камион е проверен, дека во него нема украден акумулатор по што го ослободил. При излегување од полициската станица, инспекторот се заканил дека доколку случајот биде пријавен, г. Василевски никогаш повеќе нема да го види своето село. Мирослав заедно со својот татко веднаш се упатил кон болница во Демир Хисар од каде бил испратена на хируршкото одделение во ЈЗУ Битола. Поради болките и тешките повреди, тој бил задржан на дводневно лекување.

По проверка на наводите кои беа поткрепени со медицинска документација (за хируршки зафат и психијатриско вештачење), Хелсиншкиот комитет започна да го следи тековното судење отпочнато по приватна тужба на жртвата која постапката ја покренала самата поради неинформираност дека кривичното дело „Мачење и друго сурово нечовечко понижувачко постапување и казнување“ (чл.142 ст.1 КЗ) е дело кое требало да биде гонето од страна на Јавното обвинителство, по службена должност.

## *4. Полициско малтретирање во службата во Скопје*

Во мај 2013 година, во скопската населба „Топанско поле“, МВР спроведе акција за приведување на осуденото лице кое по искористување на погодноста викенд надвор од КПД Идризово не се вратило на отслужување на затворската казна. По добиена информација за прекумерна употреба на сила од страна на полициските службеници, претставници на Хелсиншкиот комитет ја посетија населбата „Топанско поле“ и остварија разговор со жртвите, сите припадници на ромската заедница. Четворица од нив биле уапсени и изнесени пред истражен судија кој отворил истражна постапка во која тие биле обвинети за наводно сторено дело „напад на службено лице при вршење работи од безбедноста“.

Според наводите на поголема група граѓани сведоци на настанот, улицата 376 се појавила поголема група на припадници на полициски службеници, меѓу кои и припадници на посебни полициски единици. Веднаш потоа, полицајците организирано и молскавично почнале да ги напаѓаат граѓаните кои се затекнале на улицата. Според процена на соговорниците, во акцијата учествувале околу 50 полицајци, а во првиот момент биле нападнати десетина граѓани. Акцијата не се одвивала само долж улицата туку полицајците, без судски налог и без да има сознанија или индикации за сторено кривично дело, влегла во 2 дома и 2 дуќана. Во првиот дуќан направена е видео снимка на која се гледа како полицијата напаѓа затекнати и изненадени граѓани. Во вториот дуќан нападнати биле 3 други лица. Во едниот дом нападнато било едно лице кое седело на терасата од својата куќа и со ништо не ги предизвикувал полицајците.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Четири лица биле пренесени во Полициската станица „Кисела Вода“. Таму биле сместени во 2 ќелии и иако биле затворени, од рацете не им биле отстранети лисиците. Врзани со лисици останале 2 часа, а на нивно барање да им бидат отстранети, од полициските службеници добиле одговор дека лисиците не можат да ги отстранат, затоа што клучеви имале само припадници на специјалната единица „Алфа“. Известувањето за причините за нивното апсење се случило дури пет часа по апсењето. Не им била дадена задолжителната поука за можноста да известат лице од семејството, а еден инспектор им рекол дека за нивната изјава нема да им треба адвокат.

По разговорот и увид во Решението за спроведување на истрага, Хелсиншкиот комитет на споменатите четири лица им помогна при составувањето на жалба против решението за спроведување истрага. Во јуни 2013 година, истражниот судија во предметот, по барање на ОЈО Скопје, ја запре истрагата со што потврди дека лицата не се сторители на кривично дело како што тврделе полициските службеници во кривичната пријава. Со ваквите дејствија полициските службеници ги сториле кривичните дела Малтретирање во вршење на службата (чл. 143 КЗ), Противправно лишување од слобода (чл. 140 КЗ), Нарушување на неповредливоста на домот (чл. 145) и Лажно пријавување на кривично дело (чл. 366 КЗ). Дополнително, полициските службеници на уапсените лица им ги повредиле процесните права на известување на член на семејството и правото на бранител, а во полициската станица биле третирани нехумано и недостоинствено. Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Секторот за внатрешна контрола при МВР од каде беше добиен одговор дека полицијата постапувала според своите надлежности.

## *5. Тортура во КПУ Идризово*

Хелсиншкиот комитет активно го следеше и постапуваше во случајот на тортура во КПУ Идризово во кој на осуденото лице Зухер Ибраимов, по нападот од страна на припадник на затворската полиција, хируршки му беа отстранети бубрег и слезина. Инцидентот се случи во КПУ Идризово во март 2013 година кога г. Ибраимов заедно со уште едно осудено лице поправале телевизор. Кога Зухер бил здогледан од припадник на затворската полиција бил запрашан што прави таму по што веднаш и без причина започнал да го тепа.

По бруталното претепување, г. Ибраимов бил затворен во неговата ќелија, но вечерта по нагло влошување на здравствената состојба забележал дека во неговата урина има крв, веднаш се јавил кај својот татко по што следниот ден бил хоспитализиран во клиника за урологија, надвор од затворот. Со оглед на природата и тежината на повредата индицирана е итна хируршка интервенција при што неопходно било вадење на левиот бубрег и слезината. Според лекарскиот наод, ваквата здравствена состојба би била загрозувачка по животот на г. Ибраимов поради која причина директорката на Управата за извршување на санкции дозволи 30 дневно мирување на затворската казна. Во соработка со адвокатот на г. Ибраимов, Хелсиншкиот комитет од директорот на КПУ Идризово и судијата за извршување на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

санкциите побара подолго отсуство од затворот. И во двата случаи беше одговорено позитивно.

Основното јавно обвинителство, наместо да го идентификува овој случај како класичен пример за тортура и да го гони согласно чл. 142 од КЗ - Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, беше подигнат обвинителен акт за кривичното дело – Тешка телесна повреда. И покрај тоа што за второво кривично дело, кога е оштетен некој важен орган, е предвидена затворска казана до 10 години, ОС Скопје 1 донесе пресуда со која обвинетиот го осуди на 6 месечна затворска казна. По поднесена жалба од страна на Основното јавно обвинителство, Апелациониот суд во Скопје ја зголеми казната на 1,5 година. Во меѓувреме г. Ибраимов е вратен на отслужување на затворската казна во услови за живот кои претставуваат опасност за дополнително влошување на неговата здравствена состојба.

Хелсиншкиот комитет потсетува дека државата сè уште не обезбедува соодветна правна, медицинска, психолошка и социјална поддршка за жртвите на тортура. Поради тоа неопходно е итно имплементирање ЕУ Директивата 2012/29 за воспостувавуање на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал.

## *6. Пренатрупаност во притворските одделенија на затворите*

Во текот на 2013 година до Хелсиншкиот комитет беа поднесени дузина претставки и барања за бесплатна правна помош во врска со определувањето на мерката притвор. Претставките се однесуваат на постапките за определување и продолжување на мерката притвор од страна на истражните судии, долготрајноста на мерката, некористењето на поблаги алтернативни мерки, пренатрупаноста, условите за живот и несоодветната здравствена заштита. Комитетот се обрати до Управата за извршување на санкциите и побара податоци за капацитетот на притворите и бројот на притвореници кои таму престојуваат. Според Управата, состојбата со пренатрупаноста во притворите е следнава:

| **Притворско одделение** | **Капацитет** | **Состојба на 31.10.13** | **Пренатрупаност** |
|---|---|---|---|
| Затвор Скопје | 290 | 378 | 130% |
| Затвор Битола | 11 | 30 | 270% |
| Затвор Прилеп | 17 | 29 | 170% |
| Затвор Тетово | 11 | 27 | 245% |
| Затвор Гевгелија | 6 | 2 | / |
| **ВКУПНО** | **335** | **466** | **139%** |

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Иако домашното законодавство и меѓународните стандарди налагаат мерката притвор да се користи како исклучок, а не како правило, траењето да биде сведено на најкусо нужно време и најпрвин да се разгледа можноста за користење на поблаги превентивни мерки, во Хелсиншкиот комитет постои чувство дека притворот понекогаш се користи како казнена мерка, а во одредени случаи и како метод на заплашување. Ваквиот став го темелиме на примери во кои притворот се определува и за полесни кривични дела, судски решенија во кои кај обвинетите се прејудицира вина уште пред почетокот на судењето, изрекување на затворски казни кои одговараат на времето поминато во притвор, како и начинот на кој специјални полициски сили спроведуваат осомничени во судовите пред телевизиски камери.

Испитувањето на причините за определување на мерката притвор е активност на истражниот судија чија обврска е аргументирано и поопширно да ги образложи и да наведе зошто смета дека притворот е неопходен како и тоа зошто обезбедувањето на осомничениот за време на судскиот процес не би било можно со определување на поблага превентивна мерка. Во Македонија се уште опстојува праксата на исклучително оскудни решенија во кои недостасува поконкретна анализа и образложение на секоја одделна основа поради која се определува притворот. Решенијата за продолжување на притворот пак вообичаено се идентични едно на друго и се засноваат врз едноставно парафразирање на условите наведени во Законот за кривичната постапка. Во случајот „Змиско око“, во кој Комитетот ги застапуваше обвинетите пред Судот во Стразбур, ваквата македонска пракса беше окарактеризирана како спротивна на Европската конвенција за човекови права.

## *7. Судски преседан со меѓународниот надзор над притворите*

Во текот на месец септември од страна на Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) до Кривичниот суд во Скопје беше поднесено барање за посета на притворените лица за време на едно од судските рочишта во т.н. предмет „Монструм“. За време на едно од рочиштата по овој предмет, претседателот на судскиот совет извести дека барањето било одбиено затоа што МКЦК не се согласил со условите поставени од страна на судот, а во врска со начинот на кој посетата требала да биде остварена. Јавноста присутна на рочиштето не беше известена за деталите во врска со поставените услови.

Иако одбивањето на барања за посета на притвореници од страна на невладини и независни организации (меѓу кои и Хелсиншкиот комитет) не е ништо ново, загрижува фактот што овојпат одбиена е една од најугледните меѓународни организации. Активностите на МКЦК се од чисто хуманитарна природа и се однесуваат на заштитата на правата на затворените лица. Преку редовните посети во затворени институции, МКЦК се стреми да се спречи секаков вид на тортура и друг вид на нехумано постапување и казнување. Во 2012 година оваа организација посетила над половина милион затворени лица низ целиот свет. Во Република Македонија биле остварени 4 посети на затворени институции при што биле посетени 16 затворени лица. МКЦК посетите ги врши според стандардизирана методологија, по која во

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Македонија и биле дозволени посети во изминатите години. Оттаму нејасна е потребата за различно условување во овој конкретен случај наспроти останатите случаи.

Значењето за човековите права кое МКЦК го има во надгледувањето на властите при примената на мерката притвор е потврдено и во Член 211 од Законот за кривичната постапка во кој е утврдено дека „Претставници на Меѓународниот комитет на Црвениот крст имаат право по одобрение на истражниот судија да ги посетуваат и без надзор да разговараат со притворените лица." Дополнително, меѓународниот мандат на МКЦК произлегува и од Женевските конвенции од 1949 година чиј потписник е и Република Македонија.

Преку ова одбивање на барање за посета на притворени лица, како и преку неодамнешното одбивање на г. Франк Ла Ру - Специјален известувач при ООН за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување да го посети новинарот Томислав Кежаровски и неколкуте одбивања на слични барања поднесени од страна на Хелсиншкиот комитет, Кривичниот суд во Скопје само ги засилува сомнежите дека македонските притвори се места во кои не се почитуваат меѓународните и домашните стандарди за постапување со притвореници.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# IV. ДИСКРИМИНАЦИЈА

## *1. Дискриминација врз основа на политичка припадност*

Според бројот на претставки за претрпена дискриминација во текот на целата 2013 година можеме да констатираме дека најзастапена беше дискриминацијата врз основа на политичка припадност, односно афилијација. Сметаме дека зголемениот број на претставки за политичка дискриминација е резултат на спроведувањето на локалните избори во април 2013 година и промената на локалната власт во неколку општини. Најголем број на претставки беа доставени од општина Гостивар, но не изостанаа претставки ниту од општина Охрид и Карпош. Најспецифичен е случајот за разрешувањето на 8 директори на основни и средни училишта во општина Гостивар од страна на новиот градоначалник, без притоа да биде запазена постапката за разрешување, односно одлуката за разрешување да биде донесена од училишните одбори во конкретните училишта. Разрешените директори поднесоа претставки до Хелсиншкиот комитет, врз основа на што им беше обезбедена бесплатна правна помош и беше поведена судска постапка за утврдување на дискриминација која се уште е во тек. Исто така, судска постапка беше поведена и за утврдување на дискриминација поради политичка припадност кон раководителите на секторите во претпријатието ЈП Комуналец - Гостивар сторена од страна на в.д. Директорот.

Постапката пред првостепениот суд е завршена и одлуката е негативна, со напомена од судскиот совет дека тужителите пред да поднесат тужба требало да поднесат претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Преку овој пример сакаме да им посочиме на судиите во Република Македонија дека Комисијата за заштита од дискриминација е независно тело кое носи мислења и препораки по поднесени претставки за наводна дискриминација и воопшто не е поврзана со судската заштита од дискриминација. Без разлика дали жртвите на дискриминација се обратиле или не се обратиле до Комисијата за заштита од дискриминација, можат да поведат судска постапка за утврдување и заштита од дискриминација. Во случаите кога е поведена постапка и кога е донесено мислење од страна на Комисијата за заштита од дискриминација дека во конкретниот случај била сторена дискриминација, мислењето може да биде искористено како доказ во судската постапка, кое сепак, на никаков начин не го обврзува судот да ја донесе истата одлука. Исто така, во случај да е поведена постапка пред Комисијата за заштита од дискриминација и таа се уште да нема донесено одлука по поднесената претставка, жртвата на наводна дискриминација може да поведе судска постапка и за тоа да ја извести Комисијата за заштита од дискриминација, со што постапката пред Комисијата ќе биде сопрена.

## *2. Дискриминација врз етнички заедници*

**2.1 Роми**

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Хелсиншкиот комитет години station наназад известува за маргинализираноста, општествената, но и системска дискриминација врз Ромите како етничка заедница. Како особено сензитивни теми би ги истакнале дискриминацијата врз Ромите на граничните премини, сегрегацијата на децата Роми во образовниот систем, непристапноста до добра и услуги, ограничувањата на правото на вработување и правата од работен однос. Особено би сакале да го истакнеме случајот со дискриминацијата врз Ромите на граничните примери, кој е еклатантен пример дека состојбата почнува да добива димензија и на расна дискриминација, поради тоа што постои дискриминација и врз основа на бојата на кожата на граѓаните.

Постоењето на расната дискриминација го докажува и настанот во Трговскиот центар Скопје Сити Мол, каде раководството на трговскиот центар, преку електронска пошта испратена до фирмата Land Service, побарало лицата припадници на ромската заедница да не бидат ангажирани на работни задачи за одржување на хигиената во одделот за храна. Сметаме дека со ваквиот начин на постапување се врши расна дискриминација и директна дискриминација врз основа на етничка припадност, која го ограничува правото на работа и остварување на работни задачи поради наведените основи и истото е забрането согласно Уставот на Република Македонија, Кривичниот законик и Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително, ваквиот третман директно го загрозува и моралниот интегритет, кој според Уставот на Република Македонија е неприкосновен, го загрозува угледот и достоинството на лицата Роми, со што се повредуваат основните човекови права. Од овие причини, Хелсиншкиот комитет, како членка на Мрежата за заштита од дискриминација, заедно со другите членки го осуди овој настан и го повика јавното обвинителство и Комисијата за заштита од дискриминација истиот да го истражат и да поведат постапки за утврдување на одговорност за нееднаков третман кон лицата од ромска националност, со цел да се обезбеди правна заштита на жртвите на дискриминација.

Поради тоа што немаше никаква реакција од страна на јавното обвинителство за поведување на постапка со цел да се истражи настанот и да се утврди евентуалната одговорност на страната на обвинетите, Хелсиншкиот комитет со останатите членки од Мрежата за заштита од дискриминација, поднесе кривична пријава до јавното обвинителство против Трговскиот центар Скопје Сити Мол и неговото раководство. Сепак, и по изминувањето на 8 месеци од поднесувањето на кривичната пријава, не постои никаков одговор во јавноста дали воопшто се постапува по овој случај и дали е поведена судска постапка.

Ова е само еден од случаите за претрпена дискриминација кои лицата од ромска националност ги пријавуваат во Комитетот, преку кои се докажува дека во Република Македонија оваа заедница се уште се наоѓа на маргините, исклучена од општествените процеси. Исклучувањето не е случајно, затоа што Ромите се уште се една од најранливите општествени групи кои се соочуваат со дискриминација и гетоизација која влијае негативно на инклузивните процеси и се ограничува нивниот прогрес и изедначување со останатите општествени групи.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Во однос на дискриминацијата врз Ромите во образовниот систем, до Комитетот беа поднесени неколку претставки. Со барање за правна помош се обратија лицата Бирхан Касупи и Сенат Емини, родители на ученици во основното училиште Страшо Пинџур. Имено, лицето Бирхан Касуми не извести дека на 06.11.2012 година, пред да започне втората смена во училиштето, околу 13:10 часот, неговиот син и друго дете од шесто одделение се забутале во училиштето, при што детето му се обратило со зборовите „Ти не си човек ти си Циган". Веднаш потоа истото дете го повикало својот родител кој влегол во училницата и почнал да го навредува синот на Бирхан поради неговата ромска националност и му задал и шамари и клоци на малолетното дете. Родителот не извести дека и полицискиот службеник кој постапувал на местото на настанот покажал несоодветно, непрофесионално однесување, навреда и дискриминаторски однос кон него и неговото дете. Сличен е случајот и со синот на лицето Сенат Емини, кој на часот по физичка култура, најпрво бил навредуван од страна на родител на негов соученик поради националната припадност, а потоа почнал да го удира по главата и телото, по што детето паднало на земја. И во двата случаи не била повикана полиција од надлежните во училиштето, туку од страна на родителите на децата, кога дознале за настаните. Поради овие случаи од страна на родителите на децата од ромска националност била поднесена петиција за дискриминација на децата Роми во ова училиште.

Постапувајќи по барањето за бесплатна правна помош, Хелсиншкиот комитет за човекови права испрати барање за известување до директорот на основното училиште Страшо Пинџур за преземените дејствија за расчистување на случаите, како и за дејствијата кои биле преземани за промовирање и едуцирање на учениците и нивните родители за толеранција и недискриминација врз основа на национална припадност. Директорот на училиштето не извести дека е свикан училиштен одбор, разговарано е со наставниците, како и дека во училиштето постојано се промовира интеркултурност, почитување на националната припадност и принципот на недискриминација по било која основа.

Писмо беше испратено и до Министерот за труд и социјална политика , кој во медиумите за овие случаи изјави дека го осудува насилството врз децата и дека ќе бидат преземени сите мерки за истото да биде санкционирано од институциите на системот, но оттаму добивме одговор дека министерството всушност не е надлежно за постапување во овие случаи, освен во делот на дискриминација.

За случајот на Бирхан Касупи беше известен и Народниот правобранител, а за наводно сторената дискриминација врз основа на национална припадност од страна на училиштето и полицискиот службеник, Бирхан Касупи поднесе и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, која не утврди дискриминација во конкретниот случај.

Сметаме дека овој случај покажува дека мора да се обезбеди едукација за родителите и учениците во основните и средните училишта, како и обуки за наставниците и професорите за принципот на еднаков третман кон сите луѓе, без разлика на нивните различности, како и да се обезбедат средства од општините кои би биле наменети за ангажирање на лица за

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

обезбедување на училиштата, со цел да се спречат идни настани на насилство врз децата и да се обезбеди почитување на сите права на граѓаните, признаени со Уставот на Република Македонија и ратификуваните меѓународни договори, со што ќе се постигне поголема толеранција за различностите по било која основа меѓу учениците, а со тоа и поголема безбедност во училиштето.

### 2.2 Бошњаци

Во јануари 2013 година Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација сторена врз бошњачкиот народ по основ на етничка припадност поради изоставување на бошњачкиот народ како народ кој живее во Република Македонија во учебникот „Запознавање на околината “ за 3-то одделение во основното образование. Имено, во лекцијата за народите кои живеат во Република Македонија е прикажано дека во нашиот крај живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи и Срби и се опишани нивните културни особености и традиции, додека бошњачкиот народ е изоставен. Претставката беше поднесена против Министерство за образование и наука на Република Македонија и авторките на учебникот, а по претходно поднесено барање за бесплатна правна помош. Постапувајќи по поднесената претставка, Комисијата за заштита од дискриминација донесе мислење дека во конкретниот случај е извршена дискриминација по основ на етничка припадност, согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Хелсиншкиот комитет го поздрави донесеното мислење, меѓутоа во исто време побара од страна на Комисијата да се изврши одредено дополнување и прецизирање на мислењето, поради тоа што во мислењето не беше утврдено но каде се случил настанот по кој повод е поднесена претставката, дали се работи за директна или индиректна дискриминација, дали се работи за продолжена дискриминација, бидејќи трае веќе подолг временски период поради тоа што учебникот „Запознавање на природата“ каде е сторена повредата е издаден во 2011 година. Ова барање беше доставено во септември 2013 година, но и по изминувањето на 7 месеци од Комисијата за заштита од дискриминација немаме добиено никаков одговор, ниту пак дополнето мислење.

## *3 Дискриминација кон жените и повреди на права*

Хелсиншкиот комитет во изминатата година забележа зголемување и активирање на негативна кампања насочена кон статусот и положбата на жената во Република Македонија како и нејзино јавно дискриминирање, дискредитирање, етикетирање и минимизирање на човековите права и слободи, како и нарушување на конкретни права како што се слободниот избор, приватноста, самостојност во носење на одлуки при располагање со сопственото тело, како и нејзино подредување наспроти улогата на мажот. Ваквата отворена дискриминација кулминираше со донесувањето на Законот за прекинување на бременоста, со кој сериозно се ограничија репродуктивните права на жената и слободата да одлучува за создавање на деца, гарантирана со Уставот на Република Македонија.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

### 3.1 Изјава на Митрополитот Петар

Хелсиншкиот комитет ја осуди изјавата на Митрополитот Петар преку која тој повторно изнесе наводи дека жените се причина за зголемениот број на разводи во Република Македонија затоа што истите не сакале да прифатат дека главата во куќата е мажот и жените треба да бидат подвластени на мажот. Според Митрополитот Петар, жените или ќе ја спасат или ќе ја уништат македонската нација и црквата зошто она што ќе се зачне во утробите на мајките треба да се роди ако сакаме да опстоиме како нација, народ, држава и како црква.

Преку вака јавно искажаните ставови Митрополитот Петар стори директна повреда на член 9 од Уставот на РМ во кој е утврдено дека сите граѓани се еднакви во слободите и правата независно од полот, член 25 со кој се гарантира почитување и заштита на приватноста на личниот и семејниот живот на секој граѓанин, на неговото достоинство и угледот и член 41 во кој е утврдено правото на човекот слободно да одлучува за создавање на деца, како и повреда на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на мажите и жените. Дополнително, со ваквите изјави се повредува и секуларноста на државата од црквата, која е уставна категорија и според која црквите, верските заедници и други религиозни групи се одвоени од државата.

Ваквите мизогинични изјави се спротивни на сите меѓународни механизми преку кои се гарантира рамноправноста на жената, нејзиното право на избор и репродуктивните права, посебно на одредбите од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената, чиј потписник е и Република Македонија. Имено, во член 5 од Конвенцијата е предвидено дека државите ги преземаат сите погодни мерки заради измена на општествените и културните обичаи во поглед на однесувањето на мажите и жените, за да се отстранат предрасудите, како и вообичаената и секоја друга практика, заснована врз сфаќањето за инфериорноста или супериорноста на едниот или другиот пол или традиционалната улога на мажите, односно жените.

Хелсиншкиот комитетот ги повика Комисијата за заштита од дискриминација и правниот застапник при нееднаков третман на жените и мажите, како дел од Министерството за труд и социјална политика, да поведат постапка за утврдување на дискриминација врз основа на пол и род, сторена од страна на Митрополитот Петар, но од страна на претставниците на овие тела за еднаквост немаше никаква реакција.

### 3.2 Неплатено родителско отсуство кое се однесува само на жената – мајката

Мрежата за заштита од дискриминација, координирана од Хелсиншкиот комитет, утврди дека воведувањето на новото работничко право на неплатено родителско отсуство во Законот за работни односи кое се однесува само на жената – мајката, претставува нерамноправна

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

поставеност на жената - мајка во однос на мажот – татко и ја потенцира и поттикнува традиционалната улога на жената како мајка и негувателка.

Во Република Македонија жените работнички се соочуваат со прекршувања на нивните права како при вработување, така и на работното место, а пак женскиот труд е помалку платен и незаштитен. Жените работнички немаат на располагање ефикасни и ефективни правни и институционални механизми и тела кои можат да ги искористат за да ги заштитат своите права, па неретко се случува да добијат отказно решение чиј мотив е бременоста или пак да се соочат со виктимизација при пријавување на прекршување на одредбите од ЗРО.

Мрежата за заштита од дискриминација која ги следи состојбите по однос на сите форми на дискриминација, смета дека при непостоење на ефективни механизми за заштита, правото на неплатено родителско отсуство уште повеќе ќе ги зголеми можностите за злоупотреби и прекршувања на правата на работниците од страна на работодавците.

Оттука, сметаме дека Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика треба да изнајдат соодветни законски решенија кои ќе помогнат во решавање на ваквите проблеми и истите треба да покажат силна политичка волја за имплементација на постоечкото законодавство кое ги штити жените од дискриминација по основ на род во работните односи.

Мрежата за заштита од дискриминација ја поддржува идејата на измените и дополнувањата на Законот за работни односи во правец на согледување на потребата родителите да поминуваат повеќе време со своите деца и да се грижат за нивниот правилен раст и развој. Но, улогата во правилниот раст и развој на детето не и припаѓа ексклузивно на мајката, туку и на таткото. Предложеното законско решение ги дискриминира мажите ускратувајќи им го правото на неплатено родителско отсуство, а пак од друга страна единствено ја потенцира улогата на жената во домот околу грижата за раст и развој на децата.

Родовата рамноправност и забраната за дискриминација по основ на род е дел од позитивните прописи на Република Македонија и е основно начело на бројни меѓународни конвенции чиј потписник е Република Македонија.

## *4. Дискриминација врз маргинализирани групи - ЛГБТИ лица*

Во текот на целата 2013 година ЛГБТИ заедницата беше под константни напади во јавноста, говор на омраза, кои кулминираа со дела од омраза кон конкретни активисти, но и кон ЛГБТИ Центарот за поддршка. Имено, повеќекратните напади на Центарот за поддршка, нападот врз присутните во ЛГБТИ Центарот за време на "Неделата на гордоста", нападите во Битола врз активисти кои се борат за правата на ЛГБТИ луѓето, хомофобичните закани по социјалните мрежи, претепувањето на две момчиња во центарот на Скопје, вклучувајќи го и

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

нападот на домот на актерот кој јавно проговори за својата сексуална ориентација, говорат за општествената дискриминација кон оваа заедница.

Молкот на институциите во наведените случаи ја докажа отворената дискриминација кон ЛГБТИ заедницата и селективноста во постапувањето од страна на институциите. Поради ова, Хелсиншкиот комитет и останатите членки на Мрежата за заштита од дискриминација на ден 08.10.2013 поднесоа кривични пријави до Основното јавно обвинителство - Скопје. Кривичните пријави се поднесени против непознати лица поради постоење на основано сомнение дека покрај останатите, ги сториле и кривичните дела „Насилство", „Расна и друга дискриминација", „Повреда на рамноправноста на граѓаните" како и „Предизвикување општа опасност". Иако изминуваат 6 месеци од поднесувањето на кривичните пријави, до денешен датум се уште нема никаков одговор од страна на јавното обвинителство.

Исто така, сакаме да истакнеме дека од првиот напад на ЛГБТИ Центарот за поддршка веќе е изминат период од година и половина, а Хелсиншкиот комитет, ниту јавноста нема одговор дали надлежните институции презеле мерки за откривање на сторителите и дали е покрената постапка со која сторителите би се повикале на одговорност.

Единствениот случај каде ЛГБТИ Центарот за поддршка беше нападнат и за кој институциите брзо реагираа е нападот од 2-ри Март. Ја поздравуваме Пресудата на Основниот Суд Скопје 1 со која напаѓачите на Центарот се прогласени за виновни за делото „Учество во толпа што ќе изврши кривично дело". При носењето на одлуката за висината и времетраењето на казната за сторителите на делото, судот ги зеде предвид отежнувачките околности за кривични дела сторени од омраза по основ на национално и социјално потекло, политичко и верско убедување, полот, расата или бојата на кожата избегнувајќи да ги вклучи или да ги препознае основите сексуална ориентација и родов идентитет како мотив за стореното дело.

Нападите од страна на сторителите предизвикаа значителна опасност по животот и телото на присутните во Центарот, повреда на рамноправноста на граѓаните и диксриминација (врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет). Како резултат на ова, беа повредени личниот и моралниот интегритет, достоинството и угледот на ЛГБТИ лицата.

Сметаме дека институциите мораат да ги препознаваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за насилство и дискриминација, со што конечно ЛГБТИ заедницата ќе добие заштита и поддршка од институциите кои треба да ги штитат правата на сите граѓани и превентивно ќе делува во иднина вакво насилство да не се повтори.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## 5. Дискриминација врз основ на телесна попреченост -слепи лица

Хелсиншкиот комитет утврди нееднаков третман на слепите лица од страна на банките во Република Македонија, при користењето на банкарски услуги и производи за кои е неопходен потпис на корисникот при што банките не го признаваат потписот од слепите лица, не дозволуваат користење на факсимил и ги принудуваат да ополномоштат трето лице кое би потпишувало во нивно име и за нивна сметка. Слепите лица се соочуваат со проблеми и  при користењето на онлајн банкарство поради внатрешните прописи на банките (употреба на токени, кодови и слични сигурносни алатки кои слепите лица не се во состојба да ги користат).

Дополнително, банките не обезбедуваат употреба на асистивна технологија, како што е на пример говорниот банкомат, браевиот печатач, софтверските решенија за пристапност до електронски услуги итн. Врз основа на ова беше поднесена претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, која беше поддржана од сите членки на Мрежата за заштита од дискриминација, како и од Националниот сојуз на слепите на Република Македонија и од Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија. Дополнително, меѓу МХК, Националниот сојуз на слепите на Република Македонија и Комерцијална банка АД Скопје беше потпишан меморандум за соработка, со кој е предвидено да се оствари блиска соработка меѓу двете здруженија на граѓани и конкретната банка, со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат слепите и лицата со оштетен вид. За оваа цел, Комерцијална банка обучи  6 вработени кои веќе постапуваат во делот на електронското банкарство, отварање на тековни сметки и отворање на сеф.

Исто така, банката досега обучи 22 слепи и лица со оштетен вид за користење на услугите и производите на електронското банкарство (интернет, еапликации итн.). Банката ја прилагоди и постапката за изнајмување на сеф од страна на слепите и лицата со оштетен вид, на начин што сега истите можат да отворат сеф во присуство на двајца банкарски службеници.

Сметаме дека ваквата пракса на Комерцијална банка треба да биде позитивен пример за останатите банки за истите да ги прилагодат своите  услуги  за потребите  на оваа група луѓе. Воедно,  сакаме  да потенцираме  дека Комисијата за заштита од дискриминација и во овој случај не донесе одлука во законски предвидениот рок од 90 дена.

## 6. Комисија за заштита од дискриминација

Неефикасноста во заштитата од дискриминација и непочитувањето на рокот од 90 дена за донесување на одлуки од страна на Комисијата за заштита од дискриминација продолжи и во

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

2013 година исто како и во претходните 2 години. Фактот што Комисијата се уште нема доставено одговор за претставката поднесена од Хелсиншкиот комитет во април 2011 година за утврдување на дискриминација, односно сегрегација на децата Роми во одредени основни училишта во Битола, го докажува капацитетот на Комисијата да се бори против потешките форми на дискриминација и да ги заштити децата и полнолетните граѓани од секаков вид на дискриминација.

Исто така, во случајот за дискриминацијата врз Бошњаците, Комисијата покажа паушалност во донесувањето на мислењата, дури и во оние случаи кога утврдува дискриминација. Сметаме дека непрецизирањето на формата на дискриминацијата може да влијае негативно на праксата која Комисијата ќе ја создава во идниот период на своето работење.

Сите забелешки на Хелсиншкиот комитет за Законот за спречување и заштита од дискриминација, посебно оние кои се однесуваат на одредбите преку кои се дозволува вработените во државната администрација да бидат членови на Комисијата за заштита од дискриминација, невклучувањето на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за заштита од дискриминација, непостоењето на механизам кој ќе обезбеди почитување на рокот од 90 дена за донесување на мислења од страна на Комисијата, останаа и во 2013 година, поради тоа што немаше никаква иницијатива од страна на Владата на Република Македонија за измена на одредбите од овој Закон.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# V. КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД ОМРАЗА

Во текот на 2013 година во периодот од 28 февруари до 31 декември, Хелсиншкиот комитет во рамки на проектот „Набљудување и известување за злосторства од омраза", кој е финансиран од Мисијата на ОБСЕ во земјата, забележа 116 сторени злосторства/инциденти од омраза.

3 од овие инциденти беа пријавени во Хелсиншкиот комитет за човекови права додека сите други инциденти беа пријавени од страна на медиумите. Исто така, 60 инциденти беа потврдени со помош на контакт со полицијата, преку полициските билтени, медиумското известување, средби со жртвите, како и од сведоци на инцидентот. 56 од регистрираните инциденти не беа верификувани, но сепак, беа вклучени во извештајот поради добиените информации во врска со местото на инцидентот (на пример, етнички мешани маала и училишта, автобуски линии користени од страна на припадници на различни етнички заедници, места на кои претходно е сторен криминал од омраза итн.), видот на инцидентот (на пример, поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како форма на одмазда, по училишните часов, за време или по спортски настан итн.) и имотот оштетен за време на инцидентот (на пример, цркви, џамии, мултикултурни згради итн.). Неверификуваните и верификуваните пријави за инцидентите може да се видат поединечно на веб-порталот за пријавување на злосторства од омраза: www.zlostorstvaodomraza.com.

Голем број од регистрираните инциденти (103) се квалификуваат како злосторства од омраза поради нивниот статус на кривични дела според националното право и фактот дека биле извршени поради одредена пристрасност. Поголемиот дел од овие кривични дела се извршени од страна на малолетници. Жртвите и сторителите обично се припадници на различни етнички заедници (македонската и албанската). Извршените злосторства вклучуваат: напад, поседување и употреба на нелегално оружје, оштетување на имот, вандализам, закана, насилство, палење на знамиња, подметнување пожар и др. Инцидентите кои не се квалификуваат како злосторства од омраза, обично се третираат како прекршоци (13) и во таков случај обично се работи за навредливи графити, несоодветно и националистичко скандирања за време на спортски настани и друго.

Околу 72% од вкупниот број на регистрираните инциденти беа регистрирани во Скопје и неговите околни општини. По 7 инциденти беа регистрирани во градовите Куманово и Тетово , 5 во Гостивар и 4 во Струга. Сите овие градови се наоѓаат во региони во кои има значително малцинство од етнички Македонци (Тетово и Гостивар) или етнички Албанци (Скопје, Куманово и Струга). Дебар е единствениот град каде што Албанците и Македонците живеат заедно, но за време на проектниот период не се случи ниеден инцидент. Освен во Шуто Оризари, општина претежно населени со припадници на ромската етничка заедница, злосторства од омраза беа регистрирани во сите други 9 општини во Скопје. Фактот дека не

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

беа регистрирани инциденти кои се однесуваат на припадниците на ромската етничка заедница, не треба да не доведе до заклучок дека тие инциденти не се случуваат, туку можно е да не се пријавени.

Поверќето од инцидентите регистрирани во Скопје се случиле во Чаир (општина претежно населена со Албанци), Центар и Аеродром (општини претежно населени со Македонци). Процентот на регистрирани инциденти за овие три општини изнесува 72 % од вкупниот број на инциденти кои се случиле во градското подрачје на Скопје. Најмалку 21 инцидент во Скопје се случил во автобуси (медиумите понекогаш пријавуваа за локацијата  на автобус кој бил нападнат, но не и за бројот на автобусот). Поверќето од автобусите сообраќаат меѓу населени места кои се населени со Македонци и Албанци, а од сите напади во автобуси, 66% се случиле во автобус број 9 и 65. Многу од физичките напади се случиле или во близина на автобуските станици или пак автобус бил цел на нападот. Покрај нападите во и на автобуси, регистрирани беа и шест напади врз возови. 4 напади се случиле во близина на железничката станица во Скопје- Север, а нападнатите возови сообраќале на релација помеѓу Скопје-Кичево и Скопје- Приштина.

14 инциденти кои вклучуваат напад на група на ученици против еден ученик или тепачки меѓу две спротивставени групи се случиле внатре или во близина на шест 6 средни училишта во Скопје. 3 од овие училишта се лоцирани на истиот булевар во Општина Аеродром. Во сите училишта каде што беа регистрирани инциденти, учат ученици Македонци и Албанци. Дополнително, на национално ниво, беа регистрирани инциденти во кои беа нападнати три) цркви, една џамија, еден мултикултурен центар, и еден музеј (на албанската азбука ) кој беше нападнат во два наврати.

Речиси половина од регистрираните инциденти се случија во март, септември и октомври. Поверќето од инцидентите во март се случија поради протестите и контра протестите во врска со назначувањето на Талат Џафери (поранешен командант на ОНА), како министер за одбрана во Владата на Република Македонија. Во септември и октомври, во просек, инцидент се случуваше секој втор ден, поради фактот што овој период го одбележува почетокот на учебната година и учениците се враќаат назад на училиште, па така во голем дел од инцидентите инволвирани беа средношколци додека вообичаеното време на случување на инцидентите е по училишните часови. За време на локалните избори во земјава кои беа одржани во 2013 година, интересно е да се забележи дека меѓу двата изборни круга каде што првиот круг на гласање се одржа на 24 март, додека вториот круг на 7-ми април не беше регистриран ниту еден инцидент меѓу овие два датуми. Во текот на месец јуни, месец во кој завршува учебната година се случија само 7 инциденти.

Околу 84% од злосторствата сторени од омраза се случиле поради различната етничка припадност на жртвата. Речиси во сите овие инциденти инволвирани се Македонците и Албанците. Сексуална ориентација, заедно со родовиот идентитет, беше причина за 9% од инцидентите, додека инцидентите сторени поради верската припадност изнесуваат 7%.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

За време на проектниот период беа регистрирани минимум 130 жртви и 490 сторители на злосторства од омраза. За потребите на овој извештај, секогаш кога од страна на медиумите беше пријавен неодреден број на сторители (на пример помеѓу 10 и 15), помалиот број на сторители беше земен во предвид. Кога беше објавено дека "група" на сторители извршиле злосторство од омраза, бројот кој беше користен за овој извештај е 3 лица. Исто така, важно е да се спомене дека голем дел од жртвите се малолетници, каде најмладата жртва е 10 години, а меѓу жртвите има и 5 девојки на возраст под 18 години.

Во однос на реакцијата од институциите како одговор на оваа негативна појава, треба да се спомене дека полицијата успеа да пронајде осомничени сторители поврзани со најмалку 27 од 116 инциденти. Со оглед на тоа што во моментов не постои база на податоци за злосторства од омраза, Хелсиншкиот комитет ги регистрираше решените случаи преку добивање на информација од полицијата, преку следење на медиумите а беше и директно известен од страна на жртвите. 56 други инциденти се пријавени во полиција и се под истрага. Во однос на 33 останати инциденти Комитетот нема информации во врска со нивниот статус. Досега само 1 инцидент доби судска разврска, инцидент во кој Хелсиншкиот комитет учествуваше во својство на оштетена страна, а се однесува за случај поврзан со еден од многуте напади на ЛГБТИ центарот за поддршка.

Во однос на горенаведеното, Комитетот сака да истакне дека државата не собира податоци за злосторства сторени од омраза и со оглед на тоа што овој проблем не се појави во јавниот дискурс, неизвесно е дали во блиска иднина ќе имаме на располагање сеопфатни и споредливи официјални податоци за сторени злосторства од омраза. Исто така, направени се многу малку напори за преземање превентивни мерки, вклучувајќи едукација за човекови права и подигање на свеста кај јавноста.

Дополнително, кривичните дела сторени од омраза, не се пријавуваат или истражуваат правилно од страна на надлежните кои треба да бидат обучени во однос на идентификација и одговор на злосторства од омраза. Со тоа што појавите на злосторства од омраза не се третираат како посебно прашање, државата не нуди посебна заштита и поддршка на жртвите. Најпогодените членови на општеството се младите, но исто така и припадниците на ЛГБТИ заедницата, што се должи на фактот дека сексуалната ориентација и родовиот идентитет не се препознаваат како основи врз кои може да се изврши злосторство од омраза. Злосторствата од омраза обично се случуваат на јавно место и како што беше споменато, голем број на инциденти се случија во автобуси, во близина на автобуска станица, во училишните дворови и во близина на училишта, како и случаи во кои беа нападнати возови. Голем број кривични дела од омраза се сторени од одмазда или како последица за претходен инцидент помеѓу македонската и албанската младина. Исто така, голем број на инциденти се случија по училишните часови.

Од вкупниот број на регистрирани инциденти само 2 инциденти беа регистрирани во Источна Македонија. Малиот број на инциденти во овој дел од земјата може да се должи на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

фактот што во овој дел од земјата претежно е населен со етничко македонско население, но исто така и поради помалиот број на пријавување на овие инциденти како и ниското ниво на свест кај јавноста во врска со злосторствата од омраза и предрасудите кој се јавуваат како мотив за овие злосторства.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# VI. ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

Од аспект на социјалните и економските права на граѓаните, во изминатата година до Хелсиншкиот Комитет пристигнаа голем број на претставки од граѓани на кои им се прекршуваат правата од социјалната заштита, правото на вработување, правото на здравствена заштита.

Генерално, Центрите за социјална работа како јавен сервис на сите граѓани, потенцирајќи ја улогата на овие установи во олеснувањето на пристапот до остварување на правата на граѓаните кои се во социјален ризик, потфрлуваат во својата работа. Исто така, потфрлија и во делот со потребното информирање на граѓаните за нивните права и обврски од социјалната област. Корисниците на правата од социјалната заштита многу често се соочуваа со решенија со кои им се прекинуваат определени права, токму заради општата неинформираност околу пријавувањето на финансиските промени на нивните трансакциски сметки, и следствено, заради нефункционалните стручни служби при Центрите за социјална работа. Така, многу често се случуваше да биде прекинато правото на социјална парична помош, без оглед на незначителниот непријавен износ во однос на добросостојбата на граѓаните. И покрај поведените жалбени постапки, но и постапките пред Управниот Суд на РМ од областа на социјалната заштита, заради долготрајните постапки и неефективното работење, граѓаните и понатаму се спречени во остварувањето на своите економски и социјални права.

Институционалната нефункционалност, исто така, се нотира и во случајот на поголема група на глуви лица и лица со оштетен слух кои не можат да ги остварат своите права при комуникацијата, заради необезбеденост на толкувачи од страна на државата, и покрај обврската според Законот за употреба на знаковен јазик. Хелсиншкиот Комитет изразува загриженост за пристапот до права и правда на оваа ранлива категорија на граѓани особено затоа што Република Македонија со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост има обврска да обезбеди услови за целосен пристап и остварување на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културни права. Оттука, Комитет по ова прашање, реагираше до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и Министерството за финансии со повеќе дописи, како континуитет на протестите на оваа категорија на граѓани, што резултираше со почеток на обуки за нови толкувачи, како и со обучување на вработени во дел од аптеките за примена на знаковниот јазик во нивната работа.

Како ранлива категорија на граѓани се сметаат и внатрешно-раселените лица, заради нерешениот статус и по изминувањето на 12 години од конфликтот во 2001 година. Неколкумина од овие лица се обратија до Хелсиншкиот Комитет, заради нивно бришење од евиденција и со тоа промена на нивниот статус, што доведува до тоа дел од внатрешно раселените лица да бидат во системски вакуум кој ги исклучува од општественото живеење, и

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

ги оневозможува поволностите за овие лица. И покрај тоа што некои од нив имаат судски случаи со кои е пресуден надомест на штета, исплатата по основ на надомест на штета не ги задоволува стандардите за создавање на основни услови за живот. Со оглед на фактот дека не е познат статусот на внатрешно раселените лица кои се сместени во преостанатите четири прифатни центри, Хелсиншкиот Комитет побара информации од Министерството за труд и социјална политика околу состојбата на овие лица, и смета дека Владата на Република Македонија треба да превземе и други дејствија, како би се решил конечниот статус на внатрешно раселените. Неоспорно е дека бришењето од евиденција и престанувањето на статусот „внатрешно раселени“ не е ефикасно и долгорочно решение за оваа категорија на граѓани.

Во делот на правото на вработување, исклучителен интерес во јавноста предизвика случајот со јавниот оглас за вработувања во ЈП Македонски шуми, со тоа што пристигнаа повеќе поплаки од граѓаните за нетранспарентност, неправичност и селективност при изборот. Така, по првиот оглас, до Хелсиншкиот Комитет се обратија неколкумина граѓани кои и по изборот од страна на претпријатието се‘ уште не се известени за нивниот работен статус во оваа претпријатие, ниту пак се известени за распределбата на работни места, и истите граѓани се‘ уште се пријавуваат во Агенцијата за вработување. Критика за начинот на избор, беше забележан и во реакциите на граѓаните кои се пријавиле на вториот јавен оглас за вработување за лицата со хендикеп.

## *1. Влошување на статусот на внатрешно-раселените лица*

Постапувајќи по барање за правна помош, Хелсиншкиот комитет во текот на месеците јули и август активно ја следеше состојбата на двете преостанати семејства во прифатниот центар (ученичкиот дом) „Професор Мијалковиќ“ – Куманово, кои се водат како внатрешно раселени лица од конфликтот во 2001 година.

Министерството за труд и социјална политика преку директорот на ученичкиот дом ги известило семејствата, заклучно со 31.07.2013 година да го напуштат прифатниот центар, поради целосна исплата на долгот од страна на државата во однос на судските спорови за надомест на штета. Семејствата добиле околу три илјади евра отштета од Република Македонија, на име материјална штета причинета со акти на насилство и терор за делумно оштетена куќа за време на конфликтот во 2001 година и врз основ на извршена исплата им престанал статусот на внатрешно раселени лица.

Од овие причини едното петчлено семејство со три малолетни деца, од месец август оваа година веќе е преселено во сопствен дом во с. Дебаршане - Куманово, кој бил изграден со паричните средства што државата ги исплатила како отштета. Со исплатената сума не можеле да се обезбедат ниту минимум услови за живеење, за што Хелсиншкиот комитет го информираше и Министерството за труд и социјална политика. Ова семејство живее без електрична енергија, вода како и без основните предмети во домаќинството.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## *2. Лица со оштетен слух*

Следејќи го протестот на лицата со оштетен слух (глуви и наглуви лица) одржан на 25.09.2013 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија ги нотираше барањата и проблемите со кои оваа ранлива категорија на граѓани секојдневно се соочува. Протестот помина мирно, без забележани инциденти, а претставниците на Министерството за внатрешни работи постапуваа согласно нивната законска надлежност.

Изразениот револт се должи на нетранспарентната работа на Националниот сојуз на глуви и наглуви лица, неговото раководство и начинот на кој им се овозможува пристап до права како членови на Сојузот, иако согласно статутот и активностите се предвидува овозможување на правна помош и советување за овие лица. Од овие причини, беше побарана оставка од претседателот на Националниот сојуз на глуви и наглуви како и ревизија на работењето на оваа организација од страна на Министерството за труд и социјална политика и останатите надлежни институции. Основниот проблем кој беше посочен од страна на лицата со оштетен слух, е во неможноста на остварување на законски загарантираното право на употреба на толкувач. Достапноста на толкувачите е исклучителна тешка, што е и разбирливо ако се земе предвид фактот дека на група од 6000 лица, во регистарот кој го води Министерството за труд и социјална политика запишани се само 12 толкувачи кои поседуваат сертификат.

Работењето на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија е регулирано со Законот за употреба на знаковниот јазик во кој е утврдена и соработката со Министерството за труд и социјална политика, особено во делот на обучувањето на толкувачи и нивно стекнување со сертификати за работа. Со оглед на тоа што Министерството за труд и социјална политика согласно членот 22 е задолжено да врши надзор на спроведувањето на овој закон, тоа е обврзано да ја следи и работата на Сојузот при спроведувањето на активностите во делот на обезбедување секаква можна помош за лицата со оштетен слух, вклучително и постапката за стекнување на сертификат за толкувач.

Хелсиншкиот комитет го поздравува ревидирањето на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 и истовремено потсетува на нејзиното систематско имплементирање во пракса, за да не се дозволи оваа категорија на граѓани да останат невидливи, затворени во своите домови и без можност за социјализација и интеракција во општествениот живот. Комитетот веќе обезбедува бесплатно правно советување на дел од оваа категорија на граѓани и ги информира за нивните права и обврски како и за воспоставување на комуникација со државните институции согласно националното законодавство.

## *3. Нетранспарентно вработување на ранливи категории на граѓани*

По првичните реакции за начинот на избор на кандидатите за вработување во Јавното претпријатие „ Македонски шуми“, до Хелсиншкиот комитет се обратија повеќе граѓани кои аплицирале на распишаниот јавен оглас и кои се известени дека не се избрани за работното место за кое што имаат аплицирано.

Од наводите и изјавите на странките констатиравме дека постапката на јавниот електронски избор на кандидатите е нејасна за засегнатите граѓани, особено поради фактот што при изборот и одлучувањето не се земаа предвид предвидените критериуми на бодирање, објавени во јавниот оглас. Како резултат на ова, граѓаните од помалите населени места во Република Македонија каде брзо се прошириле информациите кои од кандидатите „имале среќа“ да бидат избрани за вработување, реагираа дека помеѓу избраните се повеќе членови од исто семејство , како и лица кои се во многу подобра социо-економска состојба од оние кои не се избрани.

Од силните реакции и негодувања на граѓаните, констатиравме дека електронскиот избор предвиден како јавен и објективен механизам за избор на кандидатите, преку кој би се отстраниле сомнежите за субјективност, фаворизирање и неправичност во постапката – се претвори токму во спротивното. Неизвесно е дали воопшто апликациите поминале низ првичниот филтер за селектирање на пријавите во согласност со објавените критериуми за аплицирање, со што се отвора можност за нелојална конкуренција при изборот.

Дополнителна конфузност создаваат и известувањата од ЈП „Македонски шуми “ со кои кандидатите се одбиваат, кои биле доставувани надвор од законски предвидениот рок од 5 дена, а во кои единственото содржано образложение е посочување на веб страната каде може да се изврши увид во податоците и апликациите. Со ова директно е прекршен членот 27 од Законот за работни односи, кој меѓу другото го обврзува работодавецот во известувањето да го наведе кандидатот кој е избран за огласеното работно место.[4]

Дел од граѓаните реагираа и на објавените податоци кои воопшто не соодветствуваат со реалните кои ги приложиле во апликацијата . Хелсиншкиот комитет им ги посочи на странките расположливите правни средства, кои тие може да ги искористат во понатамошната жалбена постапка.

## *4. Правните лавиринти во областа на социјална заштита*

Постапувајќи по барање за бесплатна правна помош , Хелсиншкиот комитет утврди низа недоследности и пропусти од страна на надлежните органи во делот на постапката на остварување на правата од социјалната и здравствена заштита.

Во случај на поднесено барање за постојана парична помош пред Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје (Центарот ), стручните лица извршиле непосреден увид со цел да се утврди фактичката состојба на лицето/барател и неговото семејство. По

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

изминувањето на два месеци од извршениот увид , подносителот на барањето се обратил до Центарот , од каде што бил известен дека по однос на неговото барање одлучено е позитивно, при што се чека на потпис на решението од страна на правното лице. Сепак и по изминувањето на десет месеци од денот на поднесување на барањето, Центарот не доставил решение до странката.

По испратената ургенција од страна на Комитет до Центарот со која укажавме на предвидениот рок од 60 дена, во кој тој е должен да донесе решение согласно Законот за социјалната заштита, странката била повикана за да и се достави решението со кое се одобрува барањето за постојана парична помош. Паралелно со оваа постапка, истото лице се наоѓа и во правен лавиринт во врска со жалбена постапка пред Министерството за здравство , а против решение на Подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување. Во овој случај се работи за барање за надоместок на трошоци поради извршена хируршка интервенција, а на решението од страна на второстепениот орган повторно се чека повеќе од десет месеции. Хелсиншкиот комитет и во овој случај упати ургенција до Министерството за здравство, каде беше предочен законскиот рок на одлучување од 60 дена согласно Законот за здравственото осигурување, но до затворањето на овој извештај не добивме одговор.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# VII. ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

Во текот на 2013 година, до Хелсиншкиот комитет за човекови права беа доставени голем број на барања за правна помош од страна на родители кои го истакнаа проблемот при остварување на можноста на видување на детето со родителот со кој не живее, со што се прекршуваат правата на децата но и на родителите со кои детето не живее. Евидентен број на случаи вклучуваат околности во кои едниот родител е странски државјанин или живее во странство, но во Комитетот беа пријавени и случаи на флагрантно кршење на правата на детето, случаи во кое детето било одземени од страна на едниот родител или неговото семејство па дури и однесени во странство. Во сите овие случаи надлежниот Центар за социјални работи во рамки на своите овластувања го регулирал видувањето на детето со родителот со кого не живее, но како што може да се утврди од околностите на сите случаи, најголемиот проблем е извршувањето, односно неизвршувањето на решенијата донесени од надлежен Центар за социјални работи, а со тоа и скратување на правото на детето да остварува контакти со родителот со кого не живее.

## *1. Регулирање на семејните односи во случаи со странски елемент*

Во текот на 2013 година, Хелсиншкиот комитет во неколку наврати има утврдено дека во случаи при развод на брак во кои е потребно да се регулираат семејните односи помеѓу брачните другари (каде што еден од родителите покрај македонското државјанство поседува и државјанство на странска држава или е странски државјанин) и нивните деца, постои одредена неефикасност во спроведување на законските одредби од страна на надлежните институции.

Во околности кога детето е доделено на чување и воспитување на едниот родител, а тоа е обично родителот кој живее и работи во Република Македонија, видувањето на вториот родител со неговото дете, согласно законот е регулирано со решение донесено од надлежен центар за социјални работи. Меѓутоа, проблематично е тоа што вака донесените решенија не се остваруваат во пракса. Хелсиншкиот комитет смета дека поради фактот што родителот чие видување со неговото дете е регулирано со решение на надлежен центар за социјални работи, а покрај македонското државјанство поседува и државјанство на странска држава, создава одреден страв кај другиот родител, детето да не биде одземено и однесено во странска држава поради што не дозволува видувањата да се остваруваат и покрај тоа што постои законски донесено решение.

Сепак, ваквиот често неоправдан страв на едниот родител на детето не смее да биде основ за непочитување на законски донесено решение од надлежен орган, дополнително земајќи предвид дека тоа претставува и кривично дело. Според ова, Комитетот смета дека надлежните институции кои се одговорни за регулирање на семејните односи и односите помеѓу родителите и нивните деца треба да изнајдат начин како најдобро да се постапи во ситуација кога еден од родителите покрај македонското државјанство поседува и државјанство на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

странска држава или е странски државјанин, со цел овозможување контакт на детето со двата родитела. Ова дотолку повеќе бидејќи на ваков начин не се почитуваат правата на децата согласно домашното законодавство како и меѓународните договори на кои е обврзана Република Македонија, посебно Конвенцијата за правата на детето[6]. Во член 9 став 3 од оваа Конвенција е наведено дека „Државите членки го почитуваат правото на детето кое е одвоено од еден или од двата родители, да одржува лични односи и непосредни контакти со двата родители врз постојана основа, освен ако е во спротивност со најдобрите интереси на детето.“ Во контекст на горенаведените околности доколку едниот родител живее и работи во странство, тој повторно има право да одржува постојани контакти со своето дете согласно член 10 став 2 од оваа Конвенција.

## *2. Случај Атанас Илиев - грубо кршење на правата на детето*

Случајот на Атанас Илиев е случај кој сведочи за грубо кршење на правата на детето, а воедно и неговите права како татко на детето. Имено, Атанас Илиев во 2008 година склучил брак со државјанка на Република Србија, по што по неколку месеци во истата година им се родила ќерка. Во 2011 година, под изговор дека оди да најде работа, сопругата на Атанас Илиев, со негова согласност, заминува во Република Србија, носејќи ја со себе нивната малолетна ќерка, но истовремено изјавувајќи дека ќе се врати во Република Македонија најдоцна за три месеци и ќе продолжи да живее во брачната заедница.

По изминувањето на неколку месеци и по прекинувањето на сите контакти, Атанас Илиев утврдил дека неговата сопруга која отпатувала во Република Србија заедно со нивната ќерка, нема намера да се врати во Република Македонија, па се обратил во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи- Скопје, со цел да ги извести за настанатата ситуација и побарал помош во остварувањето на видувањата со својата ќерка и истовремено побарал неговата ќерка да биде вратена во Република Македонија. Исто така, во меѓувреме дознал дека неговата сопруга веќе поднела тужба за развод на бракот пред Основниот суд во Шабац.

По искористувањето на сите правни механизми кои му стоеле на располагање, Атанас Илиев во 2012 година дополнително поднел и барање до ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи- Скопје за постапување согласно Хашката конвенција за граѓанско- правните аспекти на меѓународно грабнување на деца[1], со кое побарал од надлежните да постапат соодветно на барањето со што детето ќе му биде вратено назад, затоа што веќе било утврдено дека е грабнато од страна на мајката. Тоа барање било проследено и до Министерството за труд и социјална политика, кој како централен орган е должен да постапува по овие барања.

Откако биле преземени сите неопходни мерки од страна на надлежните органи во Република Македонија, Атанас Илиев бил известен дека Основниот суд во Шабац- Република Србија, веќе одлучувал по барањето за постапување согласно Хашката конвенција за граѓанско-

[1] http://www.hcch.netindex_en.php?act=conventions.text&cid=24

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

правните аспекти на меѓународно грабнување на деца и донел решение со кое се одбива барањето на ова лице за враќање на неговата малолетна ќерка во Република Македонија. Според наводите на надлежните органи во Република Македонија, одбивањето на барањето за враќање на детето во Република Македонија, се должи на немањето волја на страната на надлежните органи во Република Србија да помогнат во решавањето на овој случај. Меѓутоа, важно е да се напомене дека одговорот со кој се одбива ова барање, од страна на надлежните органи во Република Македонија е доставен до Атанас Илиев со задоцнување од една година откако Основниот суд во Шабац постапувал по тоа барање.

Дополнително, со цел да ги заштити своите права како родител и правата на своето дете, во 2011 година Атанас Илиев поднел тужба за развод на бракот до Основниот суд Скопје 2 Скопје и побарал од судот, чувањето, воспитувањето и делумната издршка на неговата ќерка да му го довери на него како татко, а да ја задолжи мајката да плаќа издршка за малолетно дете во износ од 3,000 денари.

По 20 месечно одлагање на судската постапка за развод, Основниот суд Скопје 2 Скопје, донесе решение со кое го отфрли тужбеното барање на Атанас Илиев, со образложение иако согласно Законот за парнична постапка и Законот за меѓународно приватно право, Основниот суд Скопје 2 Скопје е надлежен да постапува по оваа тужба, не може да го стори тоа, со оглед на фактот што претходно веќе е поведена постапка за развод на бракот пред Основен суд во Шабац, Република Србија.

Искористувајќи го своето право на жалба, Атанас Илиев поднесе жалба до Апелациониот суд во Скопје против решението донесено од страна на Основниот суд Скопје 2 Скопје. Во моментот на пишување на извештајот, Апелациониот суд сè уште нема донесено одлука по жалбата.

По вака утврдената фактичка состојба, Хелсиншкиот комитет сака да ги повика сите надлежни институции и органи со внимание и сериозност да постапуваат во овој случај, со цел негово целосно разрешување, имајќи ги во предвид правата и интересите на малолетното дете, а и заштитата на правата на неговиот родител кој го нема видено своето дете повеќе од 2,5 години.

## *3. Случај Татјана Бошњаковска*

Постапувајќи во случајот случајот за малолетната А. Б., која ја немаше видено својата мајка Татјана Бошњаковска повеќе од 2 години, Хелсиншкиот комитет утврди пасивност и неефикасност на институциите, дури и кога се работи за остварување на правата на детето.

Имено, и покрај фактот што одлуката со која Основниот суд Скопје 2 Скопје малолетната А.Б. ја додели на чување и воспитување на нејзината мајка беше извршна, истата не можеше да се изврши, поради што мајката и после две години не беше во можност да стапи во контакт со детето. Поради ова, Основниот суд Скопје 2 Скопје, донесе решение за овластеното службено лице од судот да постапи по правосилната извршна пресуда на начин

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

што присилно ќе ја спроведе во присуство на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје (МЦСР) и асистенција на МВР.

Земајќи предвид дека се работи за дете кое повеќе од две години нема остварено контакт со мајката и каде што таткото, кај кого во моментот детето се наоѓаше, одбиваше доброволно да го предаде на мајката, Хелсиншкиот комитет веднаш се обрати до надлежните институции со барање за итна реакција за спроведување на судската одлука.

Од страна на судскиот извршител и полицијата добивавме известувања дека девојчето ќе биде најдено наскоро, но и по истекот на два месеци од решението за присилно спроведување, не беа постигнати никакви резултати. Со писмен поднесок се обративме и до министерката за внатрешни работи, со цел да ја известиме за случајот и за фактот дека до денешен датум нема резултати во постапката ниту пак мајката е информирана за преземените дејствија и за тоа дали постои некаков напредок во насока на пронаоѓање на девојчето.

Мајката беше поучена да извади потврда од училиштето каде малолетната А.Б. требало да посетува настава за бројот на изостаноци, при што беше констатирано дека во учебната 2012/2013 година детето континуирано отсуствувало од училиште седум месеци, поради што е закажан термин во месец август за да полага испит за прво одделение. Оваа потврда беше доставена до судскиот извршител, службите на МВР и министерката за внатрешни работи.

Комитетот констатираше дека во овој случај постои повреда на правата на детето кое не живее во нормални семејни услови, оневозможен му е контакт со мајката повеќе од 2 години, а ограничено е и правото на образование.

Полициските служби успеаја да ја пронајдат малолетната А.Б. на 05.09.2013 година во такси возило кај Маврови Анови - Маврово. Исто така, беа поднесени кривични пријави против дедото, бабата и таткото на малолетната А.Б. за одземање на малолетник и запуштање и малтретирање на малолетно лице, врз основа на што беше поведена судска постапка. Од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје лицата беа прогласени за виновни за кривичното дело одземање малолетник и осудени на условна казна затвор од една година, доколку делото не го повторат во рок од четири години.

Иако малолетната А.Б. беше најдена и предадена на нејзината мајка, сепак сметаме дека судскиот извршител и полицијата не успеаја брзо и ефикасно да ја да ја спроведат судската одлука и да ја завршат постапката за пронаоѓање на малолетната А.Б., поради што констатираме дека конкретниов случај е доказ дека институциите не можат да овозможат ефикасна заштита ниту кога се во прашање правата на детето. Ова особено се однесува и на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје (МЦСР) кој како институција е директно одговорен да ја определува динамиката на видување на детето со мајката, како и обврска да го овозможи видувањето. Во овој случај МЦСР повеќе од две години не успеал да го спроведе извршувањето и да ги заштити правата и интересите на детето.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# XIII. ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРАВА

## *1. Граѓанска иницијатива „АМАН“*

Хелсиншкиот комитет го проследи процесот на собирање и предавање на 13,169 потписи на граѓани во Собранието на Република Македонија како резултат на првата успешно спроведена граѓанска иницијатива од страна на неформално здружение на граѓани. Исто така, Комитетот следејќи го процесот на практикување на правото на граѓаните да учествуваат во носењето на одлуки од јавен интерес, со особено интересирање ја проследи работата на институциите и нивниот однос кон граѓанските иницијативи.

Комитетот ја поздрави работата на Државната изборна комисија како овластен орган за спроведување на граѓански иницијативи. Комисијата во голем дел од процесот беше во комуникација со овластениот потписник на иницијативата со што се надминаа неколку проблеми кои во голем дел беа резултат на недостаток од практика во спроведување на граѓански иницијативи. Воедно, најголемиот товар од спроведување на иницијативата е на овластениот предлагач односно граѓаните. Државната изборна комисија нема предвидено буџет за граѓански иницијативи, односно е вклучена само во мал дел технички надлежности додека печатењето, доставата и подигнувањето на обрасците низ целата територија на Република Македонија е оставена на граѓаните.

По собирањето на обрасците, граѓаните ги предадоа во надлежната институција - Собранието на Република Македонија. Комитетот забележа генерален недостаток на развиена свест за парламентарна демократија кај дел од пратениците преку навредите кои ги упатија кон претставниците на граѓанската иницијатива АМАН. Имено, иницијативата ги помина собраниските процедури согласно Деловникот на Собранието и беше разгледувана на две собраниски комисии на 07 февруари 2013 година и тоа:

- Комисија за економски прашања, како матично тело во кое се разгледуваат прашања за енергетика
- Законодавно-правна комисија, во која се утврдува дали бараните измени се во согласност со Уставот и законите на РМ

Комитетот го поздравува односот на претставниците на пратеничките партии ДПА и НДП кои се обидоа да дадат поддршка на граѓанската иницијатива особено што изразија сомнеж за работата на спорните институции под чија надлежност е енергетскиот сектор и што побараа јавна расправа за произнесените ставови на граѓаните наспроти Регулаторната комисија за енергетика , Агенцијата за енергетика и Министерството за економија. Во однос на забелешките кон работата на комисиите, Комитетот изразува незадоволство од односот на пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за искажаните навреди кон претставниците на АМАН, особено кон овластениот предлагач на измените на Законот за

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

енергетика. Во Законодавно– правната комисија не се дискутираше дали бараните измени се во согласност со Уставот и законите на РМ. По расправите во двете комисии предлогот беше ставен на дневен ред на пленарна седница каде што овластениот предлагач Зорица Димовска беше непријатно пречекана од неколку пратеници кои и се обратија со зборовите „комуњарко оди си“, „на која партија и припаѓаш“, „кој те подучуваше“ итн.

И покрај овие околности, Хелсиншкиот комитет ја смета оваа иницијатива за успешно спроведена воедно и како прв значаен обид за учество на граѓаните во носењето на одлуки од јавен интерес преку формите на директна демократија.

## *2. Локални избори 2013*

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, за време на двата изборни круга на локални избори 2013, преку својата отворена канцеларија им овозможи на граѓаните да пријават повреди на избирачкото право. Поплаките беа примени преку телефонски разговори, електронска пошта и од страна на граѓани кои се обратија до отворената канцеларија . Воедно, Комитетот оствари соработка со невладината организација „Цивил “ која беше овластена/акредитирана да спроведува мониторинг на изборниот процес од страна на Државната изборна комисија со цел да добива навремени информации од набљудувачите на терен. За време на изборите беше забележано:

- Агитација од страна на членови и симпатизери на политички партии пред изборно место

- Нарушување на изборен молк преку достава на рекламни материјали во станбени објекти

- Издавање на лични документи, вршење на услуги и пренесување на жители од градот Пустец, Република Албанија до гласачки места во општина Центар

- Заплашување на граѓани и акредитирани набљудувачи од политичка партија и набљудувачи од невладини организации

- Поткуп на гласачи

- Несоодветно обележување на гласачки кутии и гласно читање на лични податоци од страна на членови на изборните комисии

-Притисок врз граѓани вработени во јавни установи и нарушување на неповредливост и тајност на избирачкото право

- Присуство на полициски службеници во избирачко место, спротивно на Изборниот законик влијаат на развојот на демократијата и заштитата на политичките и граѓанските права . Дополнително, нерегуларностите за време на локалните избори влијаат врз целокупниот имиџ на државата во надворешната политика а, со тоа и на целокупниот демократски развој на државата.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Комитетот потсетува дека најголемиот дел од повредите беа констатирани во Општина Центар случај за кој не беше спроведена соодветна истрага од надлежните институции. И покрај апелот на Комитетот до надлежните институции да ги истражат наводите и дознаат фактите за жителите од градот Пустец, Република Албанија, до објавата на овој извештај истрагата не е спроведена. Со тоа се овозможува манипулација на Изборниот законик и луѓето кои беа вклучени во процесот на обезбедување на гласови од дијаспората.

Комитетот со жалење констатира дека во Република Македонија избирачкото право на граѓаните сеуште се загрозува од страна на директни учесници во изборниот процес односно политичките партии и активисти. Имајќи ја предвид целокупната изборна атмосфера нарушувањето на тајноста и неповредливоста на избирачкото право укажува на демократски дефицит во системот а, со тоа и недостаток на капацитет за унапредување на законодавната рамка и овозможување на слободни, фер и демократски избори во Република Македонија.

## *3. Повреди на право на здружување и слобода на изразување*

Хелсиншкиот комитет во изминатата година посветува големо внимание во однос на повреди на право на здружување и слобода на изразување преку форма на протест или јавен собир. Во тој поглед, во изминатата 2013 година Комитетот проследи неколку протести за време на кои полицијата реагираше ненавремено или непрофесионално, но утврди и прекршување или обиди за смеќавање на јавен собир со што воведе практика на рестрикција на Уставно загарантираното право на протест. Дотолку што повеќе загрижува податокот дека во голем дел од набљудуваните мирни протести и јавни собири, рестрикциите беа воведувани од страна на полициските службеници со оневозможување на пристап до местото предвидено за протест. Исто така загрижува неажурноста во заштита на група средношколци кои протестираа во Скопје против екстерното тестирање, особено кога за време на еден од нивните протести групата беше нападната физички од страна на неколку млади лица кои успејаа да избегаат пред полициските службеници кои поради непознати причини не направија посериозен обид да ги легитимираат и приведат.

Горенаведеното се однесува на две групи на граѓани кои го практикуваа правото на мирен протест со цел да искажат незадоволство во врска со притворувањето на новинарот Томислав Кежаровски и група средношколци кои протестираа против воведувањето на „Екстерно тестирање“.

Комитетот констатира дека протестот кој беше организиран и најавен преку јавните гласила на 23 октомври 2013 година од страна на Иницијативниот одбор за ослободување на новинарот Томислав Кежаровски беше оневозможен од страна на полициските службеници. Имено,пред почетокот на најавениот собир, околу Музејот на македонската борба за државност и самостојност (познат и како Музеј на ВМРО) беше видливо присуството на околу педесетина полициски службеници од редовите на редовните полициски служби, но и од Единицата за брзо распоредување. Рестрикцијата на движењето на граѓаните до местото

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

предвидено за мирен протест беше направено преку поставување на кордон со кој целосно беа блокирани сите пристапи до Музејот и не беше дозволено ниту движење на граѓаните ниту одржување на најавениот протест.

Во однос на средношколските протести против воведување на екстерно тестирање од страна на Министерството за образование и наука, Комитетот констатира дека полициските службеници не успејаа да одговорат на должноста да го обезбедат правото на мирен протест со што средношколците два пати беа изложени на сериозни ризици. За време на првиот протест, средношколците не добија навремена поддршка од полициските службеници при регулирање на сообраќајот со што беа изложени на вербални напади од другите учесници во сообраќајот. За време на вториот протест средношколците беа физички нападнати од помала група на млади кои со стаклени шишиња и камења се обидуваа да ги исплашат и повредат средношколците. Полициските службеници беа очевидци на настанот но за жал не превземаа соодветни мерки за да ги приведат сторителите. Во однос на овој случај не е познато кои беа сторителите и дали истите биле санкционирани од страна на надлежните институции.

Хелсиншкиот комитет укажува дека правото на јавен собир и слободата на движење на граѓаните се темелни вредности на македонскиот уставен поредок. Законот за јавните собири утврдува дека јавен собир, заради мирно изразување на мислење или протест, може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен до здравствени установи, до детски градинки и училишта. Според тоа, музеите не претставуваат забранети зони, туку установи од јавен карактер. Кривичниот законик пак утврдува дека доколку службено лице со злоупотреба на својата службена положба или овластување, со сила или на друг начин ќе спречи или ќе смеќава одржување мирен јавен собир ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

## *4. Насилни протести*

Изминатата 2013 година исто така ја одбележаа низа на насилни протести кои резултираа со насилство, нарушување на јавен ред и мир и причинување на материјална штета на јавен и приватен имот. Согласно Уставот и законите во Република Македонија за време на јавни собири во форма на протест или друг вид на јавен собир користењето на насилни форми на изразување незадоволство се казниви дела. Комитетот ги проследи сите насилни протести во изминатата година и констатира дека во Република Македонија одредени групи смеат додека одредени групи не смеат да користат насилство односно се или не се казнети за ова дело.

### 4.1. Насилни протести и етничка омраза

Првите насилни протести се одвиваа во месец Март и тоа последователно еден по друг. Имено, Комитетот проследи протести на 02,03 и 08 март кои беа проследени со говор и кривични дела сторени од омраза кон одредена етничка група. Првиот протест или 02/03/2013 беше во организација на група млади луѓе припадници на македонската етничка

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

група кои го изразуваа своето незадоволство за изборот на Талат Џафери како Министер за одбрана на Република Македонија. Како одговор на немирите од овој ден и сериозните повреди нанесени на неколкумина случајни минувачи на плоштадот „Македонија" на млади луѓе припадници на албанската етничка заедница се случија и вторите насилни протести на 03/03.2013 година. Имено, група на млади луѓе припадници на албанската етничка заедница протестираа против насилство кое што резултираше со нарушување на јавниот ред и мир и сериозно оштетување на јавен и приватен имот. Последните протести односно обид за насилни протести беше на 08/03/2013 година но беа спречени навремено од страна на полициските службеници кои за разлика од двата претходни протести беа подобро подготвени да одговорат на задачата.

### 4.2. Пропусти на полициските службеници и понесување на одговорност на институциите и учесниците во насилните протести

*1 март 2013*

Според согледувањата на тимот на Хелсиншкиот комитет околу можната превенција и ескалација на немирите, полициските службеници немаа контрола врз групата собрана пред Владата на Република. Меѓу забележаните пропусти беше и растерувањето на толпата, имено групата заврши на плоштадот „Македонија " откако полициските службеници почнаа да ги бркаат присутните во таа насока. Потоа, на плоштадот „Македонија" дојде до повторен судир во кој што во голем дел настрадаа и случајни минувачи. Исто така, полициските службеници во неколку наврати применуваа физичка сила врз веќе совладани и приведени лица, држејќи ги со лисици на улица, со клоци и пендраци ги тепаа приведените. Преставниците на комитетот посведочија токму еден таков настан и им беше посочено да заминат веднаш од местото на настанот воедно и да не го документираат малтретирањето на приведените учесници во протестот. Дополнително, голем број на полициски службеници беа повредени од страна на учесниците во протестите поради недоволна координираност и подготвеност на полициските службеници да одговорат на висината на задачата. Во однос на овој протест институциите не покренале постапка против сторителите на горенаведените дела ниту е понесена одговорност за несоодветната реакција на полициските службеници кои се судрија со револтираната толпа.

*2 март 2013*

За набљудувачите на Комитетот останува нејасно прашањето и поделбата на толпата на поголема и помала група од која помалата беше видливо обезбедена од страна на полициски службеници. Воедно, Комитетот забележува дека освен замислениот протест против насилство кон албанската заедница, имаше внатрешен судир во самата толпа помеѓу две групи. Не беа увидени поголеми пропусти на полициските службеници освен придружбата и одбраната на помалата група која покажа незадоволство поради кинењето на рекламното пано со што предизвика судир со поголема група. Полициските службеници употребија сразмена сила за да ја потиснат толпата и одвратат од намерата да продолжи со насилни

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

дејствија. И на овој протест како и претходниот, голем број на полициски службеници беа повредени од страна на учесниците во протестите. Во однос на овој насилен протест учесниците беа идентификувани и изведени пред надлежните органи и санкционирани со затворски казни но и финансиски поради настаната штета на јавниот и приватниот имот.

*08 март 2013*

Протестите закажани за 8 март, како што е наведено погоре во текстот поминаа без значителни последици воедно обидот за насилство беше соодветно спречен. Поучени од претходните два протести, полициските службеници беа подготвени соодветно да одговорат доколку релативно малата група во која постоеше тенденција за насилство, одлучеше да превземе било какви активности.

**4.3. Насилни протести во организација на граѓанско неформално движење „Веритас“**

Претставници на Комитетот констатираа низа недоследности во однесувањето на граѓаните кои го изразуваа своето негодување за наводното стопирање и рушење на изградбата на црквата Свети Константин во Општина Центар. Имено, иако градоначалникот на Општина Центар ја извести јавноста дека изградбата на посочениот објект нема да биде стопирана или срушена, сепак граѓаните се упатија пред Општината на протест. За кратко време потоа мирните протести ескалираа со тоа што демонстрантите влегоа во дворот на Општината со тоа што ја искршија надворешната ограда. По упадот реагираше поицијата без примена на физичка сила притоа неприведувајќи или идентификувајќи ниту едно лице што е спротивно на спротивно на чл.47, ст.4 од Законот за полиција на РМ.

Протестот продолжи до доцните попладневни часови, беше проследен со изразен говор на омраза на национална и политичка основа и антисемитистички поздрави - отсечно поздравување со рака, познато како „хаил“. Поради повременото каменување на зградата беше причинета и материјална штета врз јавниот имот. во ниту еден од нападите не беше приведен ниту еден учесник. Покрај горенаведените повреди, претставниците на Комитетот забележаа значително количество на алкохол помеѓу демонстрантите спротивно на член 5 од Законот за јавните собири.

Хелсиншкиот комитет констатира дека во горенаведените случаи покрај низата недоследности во постапувањето на полициските службеници постои тенденција за селективно казнување односно правда кога станува збор за нарушување на јавниот ред и мир и причинување на материјална и нематеријална штета за време на насилни протести. Имено, протестите од 01 март и во Општина Центар немаат никаква прекршочна или кривична завршница кон сторителите чиј идентитет може да се утврди имајќи ги предвид видео-материјалите кои беа споделени од страна на повеќе медиуми во Република Македонија.

## *5. Говор на омраза*

Говорот на омраза во изминатата година беше општо присутен во јавниот простор особено изразен преку меѓуетничка омраза и нетрпеливост. Како резултат на тензичните насилни протести во месец март во текот на минатата година се случија и многу кривични дела сторени од омраза во јавниот простор. Исто така загрижува изразениот говор на омраза на национална и политичка основа. Но најмногу загрижува појавата на антисемитистички поздрави - отсечно поздравување со рака, познато како „хаил“ и употреба на нацистички симболи во вид на графити низ Република Македонија. Особено застрашувачки е говорот на омраза во јавниот простор насочен против граѓаните – припадници на ЛГБТИ заедницата.

## *6. Иницијатива за уставно дефинирање на бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена*

Уставот на Република Македонија е највисок правен акт во кој се содржани основните човекови права и слободи. За разлика од законите, постапката за менување на општите правила и норми содржани во Уставот бараат поширока политичка поддршка поради намената и оддржување на систем на владеење на право и еднаквост. Воедно на граѓаните им овозможува правна сигурност од директно мешање и рестрикции на државата односно извршната власт во основните права и слободи, принципот на еднаквост во права и слободи и владеење на правото во демократски систем. Согласно горенаведеното, основните права и слободи како што се правото на само-идентификување, правото на приватност со особен акцент на семејниот живот, статус и воедно правото на слободен избор не треба да бидат предмет на воведување на рестрикции. Ова особено се однесува на рестрикции кои може да влијаат кон воспоставување на нееднаков третман и дискриминација во општеството како целина имајќи ја предвид хетерогеноста на општествените групи и индивидуалното (не)припаѓање кон некаков колектив.

Во тој поглед иницијативата поднесена од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за измени на Уставот на член 40, став 1 и 2 кои се однесуваат „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон“ нема правна оправданост да се менува затоа што:

**1.** Законот за семејство на Република Македонија го уредува ова прашање на идентичен начин како подносителот на иницијативата за промена на Уставот односно дека бракот и вонбрачната заедница се заедници помеѓу маж и жена. Оттука, подносителот нема правна оправданост и аргументи кои би укажале на потребата за промена на член 40 од Уставот и загрозеноста на Законот за семејство кое го уредува ова прашање.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

**2.** Имајќи ја предвид секуларноста или одвоеноста на црквата од државата како Уставно начело, повикувањето на „многувековна традиција и етичките, моралните и верските начела на сите религии во Република Македонија го определуваат бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена" – стр.7 значи директно мешање на еден паралелен систем на уредување кој не се базира на принципот на владеење на правото. Воедно, аргументот дека во Република Македонија сите религии го определуваат бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена не е точен од верски и обичаен аспект кај припадниците на исламската заедница. Особено затоа што согласно верското учење кај оваа заедница традиционално бил дозволен брак на еден маж и повеќе жени. Оваа религиозна практика согласно Кривичниот законик во Република Македонија не е дозволена затоа што укажува на бигамија и полигамија кои се сметаат за кривично дело при што во современото општество не се практикува кај припадниците на Исламската верска заедница. Оттука, оправданоста за почитување на начелото за секуларност на државата треба да биде сериозно сфатено од страна на преставниците на сите политички партии а со цел да не се манипулира со верските чувства и припадноста на граѓаните кон некоја верска заедница.

Исто така секоја рестрикција на ова право би значело директно мешање на државата во приватниот и семеен живот на индивидуата впуштајќи се во рестриктивно дефинирање на социјалните, општествените и семејните врски наметнувајќи обврска која е спротивна на правото. Воедно, ваквата рестрикција директно ќе влијае на граѓаните припадници на ЛГБТИ заедницата чиј приватен и семеен живот не е во согласност со предложената измена. Имајќи предвид дека сите граѓани во Република Македонија согласно Уставот се еднакви во права и обврски директното мешање на државата во приватноста би предизвикала нееднаков третман а со тоа и дискриминација на одредена група граѓани спротивно на владеењето на правото и демократските принципи на кои почива системот на уредување на Република Македонија. Воедно ваквите предлози влијаат на ширење негативна пропаганда од страна на мнозинството население кон луѓето од ЛГБТИ заедницата кои во изминатиот период се жртви на психичко и физичко насилство.

## *7. Политички затвореници*

### 7.1 Јован Вранишковски

Архиепископот Јован Вранишковски е првиот политички затвореник во Република Македонија по нејзиното осамостојување. Во текот на 2013 година, г. Вранишковски, заедно со уште 18 други лица (меѓу кои неговата мајка, сестра и вујко, свештени лица, следбеници и поддржувачи на нерегистрираната Православна Охридска Архиепископија) беа обвинети за наводно перење на пари преку здружение на граѓани кое планирало да изгради објект за средби помеѓу верниците. Полициската акција за апсење на обвинетите беше наречена „Расколник" што е еднакво на предрасуда и претставува директна повреда на принципот на пресумпција на невиност на обвинетите. Со неправосилна пресуда на Кривичниот суд во Скопје, г. Вранишковски беше осуден на тригодишна затворска казна, а сите останати

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

обвинети на двегодишна затворски казни која нема да се изврши доколку лицата во рок од пет години не сторат ново кривично дело. Претставници на Хелсиншкиот комитет ги следеа сите судски рочишта, но не беа убедени во аргументите понудени од Јавното обвинителство за докажување на вина кај било кој од обвинетите.

На денот кога беше закажано објавувањето на пресудата, судскиот совет одлучи предметот да го врати во фаза на главен претрес и во истиот момент, без знаење на обвинетите и нивниот бранител, соопшти дека пред судот ќе сведочи лице кое наводно договарало продажба на имот со г. Вранишковски. Сведокот тврдеше дека тој за земјиштето преговарал во негово име и во име на неговите соседи кои го ополномоштиле преку писмено полномошно. Првообвинетиот негираше дека некогаш се сретнал со сведокот по што бранителот побара полномошното да биде презентирано како доказ пред судот. Во тој момент судскиот совет ја напушти судницата и по 20 минутно советување соопшти дека предлогот се одбива, а судската постапка завршува. Првостепената пресуда беше обжалена, а на Апелациониот суд во Скопје му беа потребни повеќе од седум месеци за закажување на јавна расправа во април 2014 година. Кога јавната расправа требаше конечно да се одржи, судот ја одложи за во мај затоа што г. Вранишковски не беше спроведен од КПУ „Идризово". Во мај, управата на затворот, без да го извести судот за причините, повторно не го спроведе обвинетиот.

Република Македонија одбива да ја регистрира Православната Охридска Архиепископија како црква или религиозна група уште од 2004 година. Со тоа е сторена повреда на Член 9 (слобода на вероисповед), Член 11 (слобода на собирање и здружување) и Член 14 (забрана на дискриминација) од Европската конвенција за човекови права. Хелсиншкиот комитет ја застапува Православната Охридска Архиепископија пред Европскиот суд за човекови права од 2006 година и очекува пресуда во текот 2014 година. Покрај дискриминацијата и административните бариери со кои се соочуваат припадниците на оваа црква кои во јавноста се стигматизирани и нарекувани „предавници, расколници и криминалци", г. Вранишковски е под континуирано кривично гонење од страна на властите. Во последните 11 години тој е упатуван во затвор на шест наврати, а во моментов се наоѓа на издржување на казна во КПУ „Идризово" во Скопје.

**7.2 Љубе Бошкоски**

Во мај 2013 година, од страна на Врховниот суд во Скопје до Љубе Бошкоски во врска со т.н. предмет „Кампања" беше доставен пресуда со која неговата жалба и жалбите на неговите бранители се одбиваат како неосновани, а се потврдува пресудата на Апелациониот суд во Скопје со која г. Бошкоски беше осуден на петгодишна затворска казна за злоупотреба на средства за финансирање на изборна кампања. Сите судски пресуди во овој случај се резултат на монтиран и политички процес во кој голем удел има и извршната власт, а се донесени во постапка и на начин спротивни на националното и меѓународното право. Хелсиншкиот комитет го набљудуваше овој случај уште од самиот почеток, а поради

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

повредата на Член 6 (право на правична судска постапка) од Европската конвенција за човекови права и слободи испрати жалба до Европскиот суд за човекови права.

Споменатата жалба е составена затоа што со судењето на г. Бошкоски не раководеше непристрасен суд, му беше повредена пресумпцијата на невиност, јавноста беше исклучена од судењето на незаконит начин, постапката не беше контрадикторна и беше водена спротивно на принципот „еднаквост на оружјето“, учеството на обвинетиот беше неефективно (без да има можност за распит на загрозениот сведок), а во постапката се користеа незаконити докази.

Хелсиншкиот комитет го набљудуваше судскиот процес за убиството на Маријан Тушевски и Киро Јанев, извршено во 2001 година, во кој обвинети се 15 лица, од кои тројца за директно извршителство, а останатите 12 за помагање, меѓу кои е и Љубе Бошковски (тогашен министер за внатрешни работи), во јавноста познат како „Ровер„. Како и во судската постапка за случајот „Кампања„ и во случајот „Ровер„ повторно бевме сведоци на исклучувањето на јавноста од распитот на заштитениот сведок со псевдоним „ФФ15“. Позитивно мислење за тоа, стручната јавност да не биде исклучена од распитот на заштитениот сведок даде и јавната обвинителка, како застапник на обвинението и предлагач на сведокот, со што за прв пат се покажа волја од страна на јавното обвинителство за поголема транспарентност во постапката на сослушување на заштитен сведок. Сепак, советот одлучи да ја исклучи јавноста во целост, вклучително и проф. д-р Гордан Калајџиев, професор по кривична постапка на Правниот факултет Јустинијан I, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, како претставник на стручната јавност.

Хелсиншкиот комитет даде своја реакција во своите месечни извештаи дека константните одлуки на советите за исклучување на јавноста во предмети каде се јавуваат заштитени сведоци не овозможува простор за утврдување дали се остварува принципот на фер и правично судење. Особено не го сметаме за оправдано исклучувањето на стручната јавност, која единствено би го набљудувала посебниот начин на сослушување на заштитениот сведок, а со цел да се утврди примената на законските одредби со кои е уреден начинот на заштита на сведоците во Република Македонија и неговото влијание врз принципот на фер и правично судење.

Карактеристично е и долгото пишување, односно доставување на првостепената пресуда до обвинетите кои беа прогласени за виновни, а кои се наоѓаат во притвор. Имено, објавата на пресудата беше на ден 12 јули 2013 година, а според наводите на обвинетите пресудата им беше доставена по изминување на  четири месеци, односно во ноември 2013 година. Сметаме дека ова сериозно влијае врз одолговлекување на постапката и правото на судење во разумен рок, посебно кога се работи за случаи во кои дел од обвинетите се наоѓаат во притвор.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

### 7.3 Томислав Кежаровски

Хелсиншкиот комитет од самиот почеток и со особена загриженост го следи случајот со неправосилно осудениот новинар Томислав Кежароски. Уште на самиот почеток на истражната постапка Комитетот констатираше дека кривичниот совет на Основниот суд 1 во Скопје донесувањето на решенијата за продолжување на мерката притвор го стори во постапка и на начин спротивни на Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права. Сторени беа суштествени и процесни повреди во врска со проценета и аргументацијата за неопходноста од продолжување на притворот од страна на Основниот суд и непостапувањето по жалба од страна на Апелациониот суд во Скопје. Во случајот на Томислав Кежаровски постоеше состојба на донесување одлуки за продолжување на притвор на идентичен начин, преку стереотипна формулација на речениците и без објаснување за причините поради кои постои опасност од бегство или повторување на делото што претставува повреда на Европската конвенција за човекови права и слободи.

Во октомври 2013 година Кривичниот суд во Скопје донесе пресуда со која новинарот Томислав Кежаровски се осудува на казна затвор од четири години и шест месеци. Ваквата пресуда претставува сериозен преседан ако се има предвид дека во регионот не е забележан случај новинар да биде осуден со толку висока затворска казна поради вршење на новинарски активности. Ова особено што во услови кога слободата на медиуми и слободата на изразување во Република Македонија се сериозно загрозени, ваквата пресуда претставува уште една порака за замолчување и цензура на сите они што имаат критички став и мислење. Еден од суштинските елементи за кој Јавното обвинителство требаше навремено да реагира и да поведе нова постапка е проверка на наводите на заштитениот сведок во случајот „Ореше“, бидејќи според неговиот исказ, на него бил вршен притисок да даде веќе подготвена изјава од страна на претставници на полицијата. Доколку се потврди вистинитоста на наводите на заштитениот сведок, тогаш новинарот Кежаровски е оној што открил вршење на кривично дело, а не сторител на такво дело.

### 7.4 Мирослав Шиповиќ

Претседавачот на Советот на Општина Центар Мирослав Шиповиќ е уште еден на листата политички затвореници чие апсење и притворање е дефинирано како политичко во Резолуцијата 1900 на Советот на Европа од 2012 година. Имено, според ставот 3 од споменатата резолуција, како политички затвореник се смета лице чие лишување од слобода е резултат на определување притвор во спротивност на некоја од фундаменталните гаранции содржани во Европската конвенција за човекови права и/или притворањето е резултат на постапка која е очигледно нефер и се чини дека е поврзана со политички мотиви на властите.

Хелсиншкиот комитет констатираше дека за определување и продолжување на мерката притвор за г. Шиповиќ не се исполнети законските предуслови. Имено, тој се соочи со обвинението и даде своја одбрана, доброволно и порано од планираното отпатува кон Македонија од САД и не го обжали барањето за екстрадиција упатено од Македонија кон

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Австрија со што беше исклучена можноста од бегство. Мирослав Шиповиќ повеќе не е овластено лице во претпријатието во кое наводно е сторено кривично дело и не постои можност да го повтори или доврши делото, а опасноста од евентуално влијание врз сведоците е непостоечка бидејќи истрагата е завршена и сите обвинети и сведоци се веќе сослушани од страна на истражен судија, а дел од обвинетите и од судскиот совет кој заседава по предметот. Продолжувањето на притворот е во спротивност со Европската конвенција за човекови права и поради некористењето на поблаги алтернативни мерки како на пример неприфаќањето на положената гаранција од околу 300.000 евра, а и поради очигледноста на политичките мотиви на властите кои на овој начин практично го спречуваат одлучувањето и работењето на една од ретките општини во државата во кои мнозинство имаат опозициските партии на национално ниво.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# IX. ЛГБТИ Заедница

## *Вовед*

Изминатата 2013 година ќе биде запаметена како година на ширење на омраза, насилство и зголемен ризик за бранителите на човекови права како и за сите лезбејки, бисексуалци, геј мажи, трансродови и интерсекс луѓе. Добра вест е дека 2013 година исто така ќе е запаметена по зајакнувањето на ЛГБТИ заедницата и зајакнувањето на соработката меѓу организациите кои работат на правата на ЛГБТИ луѓето. Овие процеси укажуваат на комплексноста на моментумот во кој живееме. Сите аспекти на насилничко општество кои ги доживуваме не се инцидентни, туку осмислена стратегија за гушење на индивидуата од страна на систем, кој заради тој насилнички пристап не е легитимен, манипулативен е, а како таков (ќе) е и краткорочен. Опресијата и организираната хомофобична кампања на овој систем е неуспешна, зашто она што постигна (освен насилството) е и зајакнување на самата ЛГБТИ заедница (иако целта беше заплашување и запирање на организирањето на заедницата, со што би станала релевантен политички субјект), како и поврзување на различните организации кои работат во ова поле.

Она што е најзагрижувачки е пасивноста на државните институции и неказнувањето на насилниците. Од неколкуте напади врз Центарот како и врз активисти досега нема резултати од истрагата која ја води Министерството за внатрешни работи. Единствено заврши и истрагата и судскиот процес против напаѓачите на Центарот од втори март, но пред се заради етничкиот предзнак на овој инцидент. Иако и во овој случај еден од главните докази беа снимките од безбедносните камери на Центарот, во другите случаи снимките се чини не помогнаа. Ваквата пасивност на институциите загрижува зашто се добива впечаток дека не само што тие го поддржуваат насилството врз ЛГБТи луѓето, туку и го промовираат со својата пасивност.

## *1. Хомофобија и насилство*

Изминатата година кривичните дела од омраза каде сексуалната ориентација или родовиот идентитет се појавуваат како мотив се втори на листата од пријавените случаи и статистиката која ја води Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија. Дури десет случаи се пријавени во различни градови како Скопје, Битола, Тетово.

### 1.1 Семејно насилство

Во месец Февруари претставници на Центарот посетија групи во градовите надвор од Скопје, поради потребната интервенција во случајот на млада девојка која поради својата сексуална ориентација беше жртва на семејно насилство. Освен психичкото и физичкото насилство, девојката беше оставена на улица без никаква финансиска помош за завршување на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

задолжителното образование. Центарот интервенираше како медијатор меѓу девојката и Центарот за социјална работа каде што случајот беше прифатен и е се уште во процес. Повторна интервенција следуваше од страна на Центарот во средното училиште каде жртвата е запишана, поради отстранување на препреките, кои имајќи ја предвид ситуацијата во која се најде оваа млада лезбијка, ѝ се отежнуваше пристапот и завршување на задолжителното средно образование.

Добивме пријава за уште еден случај на семејно насилство поради сексуална ориентација, кој жртвата го пријави во полиција, но брзо потоа жртвата се откажа од продолжување со процесот поради смирување на домашната ситуација.

Ова покажува дека мора да се реагира на национално ниво со зајакнување на правната заштита на жртвите на семејно насилство по основ на сексуална ориентација и родов идентитет, покренување на кампања за намалување на насилството воопшто предизвикано од омраза поради сексуална ориентација или родов идентитет, со посебен акцент на семејното насилство. Исто така очекуваме институциите на државата да преземат нешто во врска со обучувањето и сензибилизирањето на темата на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, на сите оние кои работат во органи и институции за превенција и заштита од насилство . ЛГБТИ Центарот за поддршка стои на располагање за развивање на соодветни курикулуми во оваа смисла.

Насилството се случува, додека поради немање на пракса во системот и институциите се остава простор за селективен пристап што ја намалува заштитата за жртвите од насилство.

### 1.2 Насилство врз активисти во Битола

На 20.04.2013 активисти од „ЛГБТ Јунајтед“ и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ спроведуваа јавни активности во Битола, во рамките на проектот „Граѓанска иницијатива за ЛГБТ права“. Активистите за човекови права лепеа постери со промотивна содржина за човековите права на ЛГБТ лицата, и прошетаа низ „Широк Сокак“ со знаме во боите на виножитото.

Веднаш по напуштањето на прометниот „Широк Сокак“, пред хостелот „Дајмонд“, активистите биле прво нападнати од четири лица, а подоцна им се придружиле уште тројца насилници. Постерите во кои се промовира еднаквост, недискриминација и ненасилство, биле насилно одземени. Тројца активисти биле омаловажувани, плукани, туркани, удирани со шлаканици по лице и со постерите по глава. Откако една активистка викнала „Не го удирај“, добила закани и одговор: „За педери постери ќе лепите во Скопје, тука во Битола не!… Ќе ве претепам, пренеси им на сите! Дошле еднаквост да бараат во Битола?!“ Кога еден од нападнатите активисти се обидел преку телефон да побара помош, еден од насилниците му го одзел телефонот од рака и му се заканил со зборовите: „Ќе те распарам!“. Насилниците ги одзеле постерите, телефонот го фрлиле на земја и заминале. Насилството врз ЛГБТ активисти е веднаш пријавено во полициска станица во Битола.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Веднаш штом напаѓачите си заминале, активистите го пријавиле нападот во полиција, и го повикале Министерството за внатрешни работи да ги пронајде сторителите и да ги изведе пред лицето на правдата.

По нападот, групата ЛГБТ Јунајтед добила повеќе закани за физички напади, понекогаш и смртни закани, на својата Фејсбук страница. Една слика од активистите била закачена на Фејсбук страната на навивачката група, со натпис „Во Битола нема да газат нозе педерски“.

**1.3 Напади врз ЛГБТИ Центарот за поддршка**

ЛГБТИ Центарот за поддршка беше нападнат три пати, а за првпат на отворањето на Неделата на гордоста нападот се случи додека внатре имаше луѓе. Иако за овој настан од МВР навремено беше побарано обезбедување, а беше поднесена и безбедносна проценка, МВР не успеа да го заштити Центарот и луѓето кои беа дојдени на отворање на Неделата на гордоста. Атмосферата беше претходно подгреана од медиумите, кои во месец јуни најавуваа „геј парада“, иако беше организирана само Недела на гордоста со повеќе проекции на филмови, промоции итн. Ваквото извртување на информациите доведе до насилство во последната третина од месецот. ЛГБТИ Центарот беше нападнат по четврти пат, а овој напад беше прв кој се случи за време на денот, додека во Центарот имаше четириесетина посетители. Групите беа насилни и кон случајни минувачи на плоштадот „Македонија“. Регистрирани се четири такви случаи. Имено, на 22ри Јуни 2013 година, по најавата, контра-геј маршот во 14 часот започна од пред Соборниот Храм “Климент Охридски”, продолжи кон Собранието на РМ и заврши на плоштадот Македонија. Околу 15:10 часот на плоштадот Македонија биле нападнати 4 малолетни лица од страна на група луѓе од контра-геј маршот. Настанот бил пријавен во полиција, при што од МВР негираа дека нападот бил сторен врз малолетникот кој се здоби со посериозни повреди од страна на група. Сепак снимките од мобилни телефони и дел од медиумите покажуваат како по нападот на лицата група на луѓе бега упатувајќи се кон Градскиот Трговски Центар. Во билтенот на МВР се уште не постои информација за нападот, додека портпарол на СВР даде изјава дека полицијата ги превзема сите мерки за откривање на сторителите. По овој напад на малолетник, за време на одржувањето на проекција на филм, промоција на прирачник и дебата на тема трансродови лица во просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка, истиот беше нападнат од 40-тина маскирани лица. Групата помина покрај Центарот со трчање, фрлајќи стаклени шишиња, камења и други предмети кон излогот на Центарот, при што беше искршено стаклото. За време на нападот, во просториите на Центарот имаше исто така четириесетина луѓе, од кои десетина беа на долниот кат, а дел од нив беа седнати во просторот веднаш до стаклото, при што директно беше загрозен нивниот живот. За време на нападот во Центарот беше присутен и еден полицаец.

При обидот за засолнување од фрлените предмети и стаклото, присутните се упатија кон задните простории, при што беше полесно повредена извршната директорка на Хелсиншкиот Комитет, додека полицаецот излезе пред Центарот и беше директна мета на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

дел од напаѓачите. Нападот заврши брзо, а на горниот кат каде што се одржуваше промоцијата на прирачникот, паниката беше спречена и настанот продолжи во мирна атмосфера. Хелсиншкиот Комитет се погрижи за безбедноста на сите присутни се' до нивното заминување.

Хелсиншкиот Комитет официјално реагираше на Дневниот Билтен на МВР од 23.06.2013, поради нецелосното и неточно опишување и класификација на фактите за настанот. Исто така не е спомената повредата на рамноправноста на граѓаните која ја предизвикаа лицата во толпата со тоа што беше нападнат културниот и социјален настан со кој беше започната "Неделата на гордоста" во Скопје. Исто така, во билтенот воопшто не е споменат фактот дека во моментот на случување на нападот, во просториите на центарот имаше присутни четириесет лица, гости и организатори на "Неделата на гордоста", како и лица вработени во Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, што отвора простор за основано сомнение дека цел на нападот не бил самиот ЛГБТИ Центар за поддршка, туку и лицата кои во моментот биле во просториите на Центарот, со што беше предизвикана значителна опасност по животот и телото на присутните. Исто така, воопшто не е споменато дека униформираниот полициски службеник е повреден додека вршел обезбедување на настанот.

**Обид за потпалување на Центарот после средбата со претставници на дипломатскиот кор**

На 04.07.2013 година во просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка во Старата Скопска чаршија претставници од дипломатскиот кор се сретнаа со членови на ЛГБТИ заедницата и претставници на Хелсиншкиот комитет.

И покрај повиците од страна на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот Комитет немаше никаква реакција од страна на државните институции, ниту од претседателот и премиерот што ги прави поддржувачи на насилството, додека животите на една голема група на луѓе се наоѓаат во секојдневна опасност. Само неколку часа после средбата на дипломатскиот кор во Центарот се случи нов обид на палење на Центарот за поддршка. Институциите и натаму останаа неми.

### 1.4 Напади врз домот на актерот Петар Стојковиќ

Зголеменото ниво на јавно изразена хомофобија се гледа и во други аспекти. Три дена по нападот на ЛГБТИ Центарот, на 25.06, беше нападнат домот на актерот Петар Стојковиќ, кој неколку дена претходно јавно се изјасни за својата сексуална ориентација. Нападот бил всушност каменување на куќата, кое се случило во 22:50 навечер, проследено со извици: „Педери! Ќе ви го ебеме мамичето педерско!". За среќа, немало повредени и не е причинета никаква материјална штета. Случајот бил пријавен во полиција, а истрагата се уште е во тек.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## *2. Институции*

Во Република Македонија, искуствата со дискриминација врз основа на сексуална ориентација се игнорантни и полни со предрасуди, омраза и насилство. Не постои посебно законодавство за заштита на правата на трансродовите лица, а сексуалната ориентација се спомнува само во неколку закони, при што не е изречно предвидена како основа за дискриминација, а судовите и Комисијата за заштита од дискриминација не ја применуваат како основа ниту индиректно во Законот за заштита од дискриминација, иако на тоа ги обврзува европското законодавство во оваа област.

Во Извештаите на Комисијата за заштита од дискриминација не се наведуваат податоци за случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет. Во праксата на државата има институционална опструкција на видливоста на овој вид дискриминација, а поттикнувањето и ширењето омраза и говор на омраза кон лицата од ЛГБТИ заедницата од страна на владини и про-владини медиумски сервиси дополнително ја влошува состојбата. Се повеќе сме сведоци на дела од омраза, напади врз лица кои учествуваат на манифестации на ЛГБТИ популацијата и по којзнае кој пат се напаѓаат просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка.

Итно треба да бидат процесирани случаите на насилство кон припадниците на ЛГБТИ популацијата, а особено оние каде што постои пасивност на државните органи во откривањето и прогонувањето на сторителите. Случајот со демолирањето и палењето на ЛГБТИ Центарот за поддршка во Старата Скопска Чаршија е соодветен пример на случај кој треба да биде процесиран со потенцирање на отежнувачките околности на омраза кон ЛГБТИ популацијата од кои е „инспириран“ и пасивноста на полицијата и системот на игнорирање кој го спроведува власта. Меѓу случаите кои треба да бидат итно процесирани се наоѓа и случајот со насилство кон активист, учесник на ЛГБТИ манифестација со нагласување на отежнувачките околности на насилство инспирирано од омраза кон припадник на ранлива ЛГБТИ популација.

По нападите врз Центарот, активистите во Битола и другите насилни инциденти, активистите го повикаа Министерството за внатрешни работи да ги пронајде сторителите и да ги изведе пред лицето на правдата. „ЛГБТ Јунајтед“, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“, ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија побараа од Владата јавно да го осуди насилството и говорот на омраза врз ЛГБТ лицата и да престане со дискриминаторските кампањи кои промовираат омраза, нетрпеливост, социјално исклучување и насилство врз ЛГБТ лицата. Се’ уште нема јавна осуда од страна на институциите. Исто така, Мрежата за заштита од дискриминација побара од Собранието на Република Македонија да го разгледа Извештајот на Комисијата за заштита од дискриминација и да бара детални информации за посочените слабости. Мрежата констатираше дека извештајот има низа недостатоци, дека не ги утврдува трендовите на дискриминација во 2012 година, не ги утврдува причините зошто по определена основа за

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

дискриминација има зголемен број на поднесени претставки. Комисијата создава ситуација на нереално прикажување на состојбите со дискриминацијата, но ова секако не е првпат да биде доведен во прашање начинот на работа на самата Комисија. Веќе е укажано во повеќе наврати во претходните извештаи дека Комисијата не функционира како независно тело.

Понатаму, функционирањето на институциите бележи уште една повреда на правата, овој пат во однос на транс луѓето. Имено, една членка на групата за поддршка на трансродови лица поднесе барање за признавање на родот и промена на личната документација. На барањето следеше негативен одговор, што претставува арбитрарна одлука, со оглед на тоа дека во Република Македонија нема ниеден закон кој го регулира специфичниот статус на транс луѓето, така што одлуките на институциите, како и во овој случај, зависат од степенот на предрасуди на јавните службеници. Ова е апсолутно недозволиво, и за жал, не е прв случај во кој без никаква законска основа е одбиено барањето за промена на матичниот број од страна на транс лице.

На промоцијата на Извештајот во сенка, која се одржа на 23.05.2013, меѓу другите, присуствуваа и претставници од Министерството за надворешни работи, како и од Советот за радиодифузија. Советот за радиодифузија беше единствениот субјект кој на својата веб страна ја објави Препораката на Советот на Европа во однос на дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Сепак, самиот Извештај во сенка е доказ за недостигот од волја за соработка на институциите. Во повеќе наврати во извештајот е истакнато дека институциите не одговараат ниту на барањата за информации од јавен карактер кои ги има испратено Хелсиншкиот Комитет. Исто така, извештајот ја отсликува потребата од донесување на закони кои ја вклучуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Очигледна е потребата од сензибилизација на јавните службеници со цел тие да не постапуваат исклучиво според своите лични убедувања, туку концептот на човекови права да се пренесе во практиката на институциите и да се регулира со законски прописи во сите области.

Во текот на месец јуни, институциите повторно потонаа во молк по насилството врз ЛГБТИ заедницата. По насилството врз малолетници на градскиот плоштад, и веднаш потоа, нападот на ЛГБТИ Центарот за поддршка и луѓето кои во моментот беа во него, ниту еден владин функционер не излезе со јавна осуда за насилството кон оваа група на граѓани. Од Народниот Правобранител исто така немаше реакција, дури ни за нападите врз младите луѓе на градскиот плоштад. И покрај тоа што вакви напади се кривично дело за кое што сторителите се гонат по службена должност, неефикасноста на надлежните органи и механизмите за спроведување на законот беше очигледна во повеќе наврати, така што нападот од 22.06 беше само уште еден напад на ЛГБТИ Центарот кој беше додаден на списокот напади од кои се' уште не е приведено или обвинето ниту едно лице. Повторно ќе истакнеме дека ваквиот третман на ситуацијата од страна на Министерството за внатрешни работи ја покажува нивната неодговорност и недостиг од волја за исполнување на сопствените обврски за заштита на граѓаните на Република Македонија, и дава лажен

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

легитимитет на поединци и групи кои своето неприфаќање одлучиле да го манифестираат преку насилство, во директна смисла практикувајќи неказнивост на сторителите и молк во ситуација на директна закана по животот на дел од граѓаните на Република Македонија.

Единствени политички субјекти кои се огласија по насилството врз ЛГБТИ заедницата се ДОМ, Либерално демократската партија и Либералната партија, во чии изјави беше истакнато дека тие јавно ги осудуваат вандалските напади и дека очекуваат полицијата да ги најде сторителите, затоа што неказнувањето на сторителите охрабрува насилство и врз други граѓани на оваа држава.

Во жестоката дискусија која се водеше на тема Закон за прекинување на бременоста, министерот за здравство Никола Тодоров дополнително ја подгреа атмосферата, обидувајќи се да ги дискредитира граѓанските организации кои се изјаснија против таквиот закон [50], единствено поради фактот што дел од тие организации работат, меѓу другото, и со ЛГБТИ популацијата во Република Македонија.

Основниот Суд Скопје 1 донесе пресуда со која за виновни беа прогласени членовите од толпата кои за време на протестите од 2 март (протести за министерот Талат Џафери) го сторија кривичното дело „Учество во толпа што ќе изврши кривично дело". За време на протестите беше нападнат и ЛГБТИ Центарот за поддршка. 14 обвинети од протестите на 2 март добија затворски казни од вкупно 12 години . Хелсиншкиот Комитет и ЛГБТИ Центарот за поддршка ја поздравија оваа одлука.

На 1-ви август, еден ден пред Собранието да отиде на годишен одмор, владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ достави до Собранието предлог за измени во Уставот според кои бракот се дефинира исклучиво како заедница помеѓу еден маж и една жена. Со новите измени посвојувањето на деца би им било дозволено исклучиво на заедница составена од родители од различен пол, како и од самохрани родители.

Дебатата околу предлог-законот за уставно редефинирање на бракот продолжи и во месец септември. На 23ти септември пратениците во Собранието ја започнаа расправата по предлогот за пристапување кон измени во Уставот во делот на дефинирањето на бракот како заедница исклучиво меѓу маж и жена, поднесен од пратеници од владејачкото мнозинство. Главниот аргумент на Владимир Ѓорчев, пратеник на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, која е предлагач на законот беа дека со измените во Уставот ќе се спречи некоја идна влада со просто мнозинство од 42 пратеника да го смени Законот за семејство, каде што веќе е дефинирано дека бракот е заедница помеѓу маж и жена, а додека за измени во Уставот е потребно двотретинско мнозинство, а сè ова со цел зачувување на традиционалните семејни вредности. На ова се надоврза пратеникот Драгиша Милетиќ, од опозициската коалиција, кој во своето излагање јасно изјави дека хомосексуалноста ја смета за болест и дека го оправдува нејзиното казнување. На ова следеа и неколку хомофобични досетки од страна на пратеникот на сметка на ЛГБТИ популацијата. Пратеникот од Либералната партија, Ивон Величковски, се спротивстави со изјава дека постапките на владејачката партија не одат во прилог на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

зачувување на традиционалните вредности и побара потолерантен пристап кон ранливите и маргинализирани групи. Ваквата дебата меѓу Милетиќ и Величковски предизвика реакција од шефот на пратеничката група на СДСМ, Игор Ивановски, кој во знак на протест бараше полчасовна пауза и рече дека ваквите дебати "го претвориле Собранието во крпа". На изјавите на пратеникот Милетиќ се огласија граѓанските организации кои го сметаат говорот на Милетиќ за хомофобичен, дискриминирачки и девалвирачки за ЛГБТИ заедницата и сметаат дека во едно демократско општество какво што се стреми да стане македонското, нема место за таков говор. Најавена беше и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Директорот на Комисијата, Душко Миновски изјави дека ќе ја почекаат претставката, ќе го разгледаат случајот со говорот на омраза во Собранието и соодветно ќе реагираат. Самостојна иницијатива и волја за подлабоко разгледување на случајот од страна на Комисијата немаше.

## *3. Правна рамка*

ЛГБТИ Центарот за поддршка како подружница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ во соработка со Националниот демократски институт (НДИ), канцеларијата во Скопје, започна со реализација на проектот Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за учество во законодавниот процес, каде што Центарот ќе биде посветен на реализација на законодавната иницијатива "Член 3" – Граѓанска иницијатива за хармонизација на националното антидискриминациско право со правото на ЕУ. Опсегот на проектот е ограничен на Членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а активностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка ќе бидат насочени кон законско дефинирање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како посебни можни основи за дискриминација, преку донесување на Закон за измена и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во функција на промовирањето на човековите права како универзална вредност, од интерес за сите граѓани на Република Македонија, а со оглед на принципиелната отвореност на Центарот за учество на што поголем број на заинтересирани и засегнати страни, реализацијата на проектот ќе биде координирана преку работна група, сочинета од повеќе организации, активни на полето на промоција и заштита на правата на маргинализираните заедници. Така, оваа прилика ќе може да се искористи и за внесување на сите други основи кои можеби се пропуштени во Членот 3, проширувајќи ја потребната заштита од дискриминација на најмаргинализираните групи во нашето општество.

*Закон за прекинување на бременоста*

Кон крајот на месец мај беше поднесен од страна на Владата на Република Македонија Предлог-законот за прекинување на бременоста, по скратена постапка до Собранието на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Република Македонија. И покрај бројните медиумски реакции и протести од страна на претставници на повеќе граѓани и домашни и странски организации, меѓу кои и претставници на ЛГБТИ Центарот за поддршка, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", Х.Е.Р.А. и други, сепак предлог- законот за прекинување на бременоста по скратена постапка беше усвоен на 10.06.2013 година.

Како одговор на протестите од страна на ЛГБТИ заедницата во однос на донесувањето на новиот закон за прекинување бременост, Министерот за здравство, Никола Тодоров, ја искористи собраниската говорница за да рече дека "Не може да се верува дека со организации што застапуваат вакви [ЛГБТИ] права може да се усогласиме околу прашањето за абортус"и дека "Вчера дебатираа организации кои се занимаваат со права на мажи со мажи, жени со жени и такви што промениле пол... и како со таква организација ќе усогласите став". Изјавите на Министерот Тодоров се хомофобични, дискриминаторски и имаат за цел на расправата за законот да и дадат вредносна димензија која не е предмет на уредување на истиот, со што се одвлекува вниманието на јавноста од предметната дискусија. Како такви, изјавите на Министерот се неприфатливи, особено поради неговата положба - член на Владата на Република Македонија. Владата на РМ покрај другите надлежности, има должност да ги следи и анализира состојбите за остварување и унапредување на човековите права и граѓанските слободи, а тоа сигурно не може да го прави со ширење говор на омраза преку хомофобичните и дискриминаторски изјави во јавноста од нејзините министри.

Новиот закон, наместо да направи одредени промени во полза на жените, да ги едуцира и информира за нивните репродуктивни права, напротив, тој ја усложнува постапката, го делегитимира правото на нејзиниот избор, ја потценува интелигенцијата на жената која е свесна и знае кога и со кого сака да има деца. Абортусот пред се е интимна одлука на секоја жена и секоја жена треба да го има правото на слободен избор за планирање на сопственото семејство, ослободено од бирократизација.

Првичниот предлог-закон претрпе одредени промени во финалниот законски текст, со бришење или промена на некои одредби, меѓу кои одредбите за задолжителното присуство на брачниот другар на советувањето, формирањето на првостепените комисии во здравствените институции од страна на министерот за здравство, како и високите парични казни и воведувањето на мерката затвор за докторите кои не се придржуваат до одредбите во законот за процедури кои не се животно заканувачки како на пример водењето евиденција.

Одредбата за известување на брачниот партнер директно го крши правото на слобода на избор на жената, па затоа оваа одредба е тргната од законот, односно прифатено е решението со кое по барање на жената брачниот партнер има можност да присуствува на седницата на првостепената комисија. Доколку беше прифатено задолжителното информирање на мажите без почитување на волјата на жената, ќе постоеше реална можност

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

жените да бидат морално санкционирани, посебно социјално ранливите категории на жени како и жените кои живеат во рурални средини со пониска свест.

По измената направена на законскиот текст, првостепената комисија за прекинување на бременост ќе ја формира директорот на здравствената установа во која ќе се врши прекинување на бременоста. Ова е поприфатливо решение отколку формирањето на првостепените комисии во здравствените институции да биде во надлежност на министерот за здравство, со што дополнително ќе се бирократизира процедурата за жената која поднела барање, а индиректно министерот би ја имал улогата на одлучувач дали на жената да и се прифати барањето или не.

Внесувањето на високите парични казни за не водење на евиденција кои ги содржеше предлог-законот, не соодветствуваа со казните при изведување на други медицински интервенции, а притоа го нарушуваа и угледот на лекарите и на самата лекарска професија, па истите беа исклучени од усвоениот законски текст.

Иако беа направени горенаведените измени на законскиот текст, сепак, останува мислењето дека новиот Закон за прекинување на бременоста задира во основните човекови слободи и права и бидејќи се работи за сложен закон кој регулира специфична материја, истиот требаше да се донесе во редовна постапка со вклучување на стручната јавност, граѓански организации и сите други релевантни актери во општеството. Со контролирање на женската репродукција директно се дискриминираат жените и се истакнува нивната нееднаквост во општеството.

## *4. Медиуми*

Генерален заклучок е дека изминатава година медиумите најчесто известуваа сензационалистички, негативно па дури и подбуцнувачки во одредени моменти, со што сносат дел од одговорноста за насилството и исклучувањето на ЛГБТИ луѓето во нашето општество. Помал дел независни медиуми известуваа етички промовирајќи го принципот на човекови права.

Во јуни, особено во втората половина од месецот, се чини дека медиумскиот простор беше преплавен со статии и известувања на теми кои директно или индиректно се однесуваат на прашања од интерес за ЛГБТИ заедницата. Статиите воглавно се однесуваат на известувања за манифестацијата ‘Недела на гордоста’, на организирањето и спроведувањето на контра-геј протестот, на анти-ЛГБТИ насилството кое се случи во јуни, на реакциите на НВО секторот и на политичките партии во однос на истото и на хомофобичните мислења и ставови кои Министерот за здравство на РМ, г. Никола Тодоров ги сподели со јавноста преку собраниската говорница. Меѓутоа, треба да се забележи дека медиумскиот простор бележи пораст на прикажување на теми со кои навистина се прави обид за анализа на поширокото општествено влијание на насилството врз ЛГБТИ заедницата. Но, кај медиумите исто така

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

може да се забележи и одреден степен на суштинско неразбирање на прашањата кои ја тангираат ЛГБТИ заедницата, кое можеби имаше и клучна улога во ескалирањето на нивото на хомофобија, говор на омраза и отворени повици на насилство врз ЛГБТИ заедницата кои му претходеа на нападот врз ЛГБТИ Центарот за поддршка.

ЛГБТИ заедницата беше опфатена со медиумското покривање на хомофобичните и дискриминаторски изјави на Министерот за здравство г. Никола Тодоров, кој ја искористи собраниската говорница за да рече дека "Не може да се верува дека со организации што застапуваат вакви [ЛГБТИ] права може да се усогласиме околу прашањето за абортус" и дека "Вчера дебатираа организации кои се занимаваат со права на мажи со мажи, жени со жени и такви што промениле пол... и како со таква организација ќе усогласите став", како и со покривањето на реакцијата на НВО секторот на хомофобичните изјави на Министерот. Тоа што е карактеристично за медиумското покривање на самата изјава, е дека ниту еден медиум не го окарактеризира говорот на Министерот како хомофобичен или дискриминаторски, туку напротив, делот од говорот кој се однесуваше на ЛГБТИ заедницата беше сензационалистички искористен и поставен во самите наслови на статиите кои се однесуваа на говорот на Министерот во целост.

Медиумската покриеност на нападот врз ЛГБТИ Центарот за поддршка на 22.06.2013 година, како и на полициските (не)активности кои следеа, беше направена на неутрален и етички начин од малиот број независни медиуми. Тоа што треба да се забележи е дека нападите врз припадници на ЛГБТИ заедницата предизвикаа одредено ниво на медиумски интерес за известувања за подлабокото општествено влијание на насилството врз ЛГБТИ заедницата. Во медиумскиот простор можевме да забележиме и статии кои се однесуваа на претепаните малолетници по (не)одржувањето на контра- геј парадата и на каменувањето на домот на Петар Стојковиќ. Тоа што исто така можеше да се забележи е и осудата на дел од медиумите на овие напади како и реакција на одредени медиуми за недостатокот на резултати од преземените мерки на Министерството за внатрешни работи за откривање на сторителите на насилствата.

Медиумското покривање на собраниската расправа за уставните измени предложени од владејачката партија, може да се подели на два дела: покривање на самата расправа и покривање на реакциите на НВО секторот кои се однесуваа на истата. Што се однесува до делот кој ја опфаќа самата расправа, можеме да кажеме дека медиумското покривање беше нецелосно, сензационалистичко, и мошне површно. Исто така, мораме да споменеме дека одредени медиуми забележаа дека "заканата" од легализацијата на хомосексуалните бракови е апстрактна и заземоа осудувачки став кон првиот дел од расправата, кој изобилуваше со говори исполнети со јазикот на омразата и хомофобијата, како и кои во предлогот за уставни измени препознаа битка за политички поени, но за жал, бројот на тие медиуми се уште останува премногу мал. Нецелосното прикажување на фактите се однесува на тоа што ниту еден медиум не ја прочита и анализира Иницијативата за промена на Законот за семејство на Хелсиншкиот комитет за човекови права туку само ги пренесуваа информациите од

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

владејачката партија, кои беа невистинити. Сензационализмот и тенденциозноста се повеќе од забележителни во медиумската селекција за тоа кои пратенички изјави и говори се пренесуваат во статиите, при што исклучиво или доминантно беа пренесувани изјавите и аргументацијата на предлагачот на уставните измени. Објективниот и етички начин на известување беа карактеристични за медиумската покриеност на реакциите на НВО секторот во однос на собраниската расправа.

Во ноември, посебен интерес за ЛГБТИ заедницата во Република Македонија предизвика одржувањето на петтиот по ред Марш на толеранцијата, со кој официјално се заврши и круниса кампањата "Македонија има љубов за сите", организирана од страна на ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија (МХЦ), а со поддршка од Front Line Defenders (ФЛД). Меѓутоа, медиумскиот интерес кој го предизвика овој настан на крајот сепак не можеше, а да не падне во сенка на повторното медиумско сензационализирање, искривување на факти и селективно прикажување на информации. Имено, во текот на самата кампања (пред најавувањето и одржувањето на Маршот), постоечкото медиумско покривање, иако лишено од вниманието на најголемиот дел од националните телевизиски медиуми, беше направено главно етички, неутрално и урамнотежено. Но, работите започнаа да се менуваат со најавувањето на Маршот на толеранцијата (кој се одржа на 16.11.2013г.).

Иако самата радио кампања беше насочена против насилството кон ЛГБТИ популацијата во РМ, Маршот претставуваше една заедничка акција на четиринаесет невладини организации со која сите тие изразија протест против насилството со кое секојдневно се соочуваме во нашето општество. Поддршката на ЛГБТИ популацијата и осудата на насилството против нив беше само еден од неколкуте аспекти преку кои беше осудувано насилството и неказнивоста на насилниците во РМ, но пет наши медиуми во седум различни наврати увидоа прилика за карактеризирање на целиот настан како "(мини) геј парада". За контрадикторноста и сензационализмот да бидат уште поголеми, говори и фактот дека ниту еден од овие медиуми не пишува за "геј парада"на ниту едно. друго место освен во насловот, оставајќи простор ваквото медиумско однесување да биде класифицирано како "уредничка" или "редакциска" слобода. Но, со ваквата селективност читателот е доведен во заблуда и не се запазува новинарска должност за сеопфатно информирање, оставајќи го на крајот целиот текст конфузен, неразбирлив и полн со противречности и недоречености. Понатаму, еден друг медиум даде и политичка класификација на настанот, тврдејќи дека "во одбрана на геј популацијата" застанале повеќе мали невладини организации, идеолошки блиски до опозицијата, како и дека "меѓу хомосексуалците и бисексуалците беа и новинари вработени во опозициските портали". Со овој чекор, споменатиот медиум повторно ја дезинформира јавноста, политички обојувајќи и дискредитирајќи го целиот невладин сектор во РМ, повторно ги понижува и се потсмева со ЛГБТИ луѓето во Македонија, претставувајќи ги како негативниот компаратор помеѓу кој биле и "новинарите вработени во опозициските портали". При останатото покривање на радио кампањата и Маршот на толеранцијата со кој таа заврши, можеме да кажеме дека беа почитувани основните принципи на новинарското

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

работење иако повторно беше забележителен недостатокот од суштинска анализа за општественото влијание на темата на кампањата.

## *5. Говор на омраза*

На ден 01.02.2013 година, на насловната страна на дневниот весник „Вечер" осамна наслов „Има ли хомосексуалци меѓу новинарите", кој во продолжение беше проследен со текст, кој повикуваше на скриен линч преку јавно етикетирање, со цел да се омаловажат поединци поради бесмисленото истакнување на нечија сексуална ориентација. Поради горенаведеното, Хелсиншкиот комитет за човекови права реагираше на ваквиот наслов и испрати соопштение до средствата за јавно информирање, во кое меѓу другото, најостро го осуди изданието на весникот „Вечер" од 01.02.2013 година.

Како дел од својата реакција во соопштението испратено до средствата за јавно информирање, Комитетот потсети на разликата меѓу вест и коментар и за разликата меѓу слободата на изразување и говорот на омраза. Воедно, потсети за значењето на повикот на линч кој е свиен во повик кон граѓаните да пријавуваат поединци, новинари за кои се сомневаат дека се лица со хомосексуална ориентација. Заштитата на правото на слободата на изразување не подразбира заштита на говорот на омраза, ниту пак заштита на изразувањата кои поттикнуваат на омраза и насилство.

Во продолжение, комитетот истакна дека залагањето на одредени новинари за одговорно новинарство и независно информирање на јавноста, каде што говорот на омраза мора да биде изоставен, беше нападнато како кампања за геј парада што е надвор од сите параметри на вистината. Вистината која е заборавена преку манипулативната игра на овој дневен весник е оттргнување на вниманието на јавноста од вистинскиот проблем на падот на слободата на новинарството, преку насочување на омразата кон одредени новинари претставени како хомосексуалци. Хомосексуалноста се претставува како деградирачка особина со цел да се деградираат индивидуи без никакви факти и притоа се повредува нивното право на приватност, што е тотално апсурдно за еден модерен весник кој опстојува во демократска држава која промовира вредности на еднаквост и диверзитет за народот и држава која е член на Советот на Европа.

На крај, во своето соопштение, Комитетот ги повика Владата и Собранието на Република Македонија конечно да ја препознаат потребата од вклучување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за говор на омраза и злосторства во Кривичниот законик на Република Македонија што би претставувало почеток на остварувањето на принципот на почитување на различностите, кој треба да претставува еден од основните принципи на една демократска држава. Преку ова соопштение комитетот апелираше и до граѓаните на Република Македонија да не учествуваат во активности кои ќе дадат легитимитет на омразата која се обидуваат да ја поттикнат определени медиуми, поради тоа што секој кој ќе придонесе кон повикот станува директен соучесник во овие дела.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## *6. Меѓународна поддршка*

**Средба со претставници на дипломатскиот кор во ЛГБТИ Центарот за поддршка**

На 04.07.2013 година во просториите на ЛГБТИ Центарот за поддршка во Старата Скопска чаршија претставници од дипломатскиот кор се сретнаа со членови на ЛГБТИ заедницата и претставници на Хелсиншкиот комитет. На средбата беа присутни претставници од Амбасадата на САД, Амбасадата на Холандија, Амбасадата на Шведска, Амбасадата на Германија, ОБСЕ и претставници од Делегацијата на Европската Унија во Македонија. Тие беа запознаени со нападот врз ЛГБТИ Центарот за поддршка од 22.06.2013 година , кој се случи на самиот почеток на „Неделата на гордоста “, кога група од околу 30 маскирани лица го нападнаа Центарот, а за време на нападот во неговите простории имаше околу 40 лица – организатори, соработници и гости. Претставниците на дипломатскиот кор го проследија и видеото од безбедносните камери на ЛГБТИ Центарот за поддршка снимено за време на нападот. Амбасадорите ја поддржаа ЛГБТИ заедницата, го осудија нападот на ЛГБТИ Центарот за поддршка од 22 јуни, побараа од македонските институции да овозможат еднакви права за ЛГБТИ луѓето, активно да се вклучат во борбата против дискриминација и посочија дека ваквото насилство не смее да остане несанкционирано од страна на правниот систем и изразија надеж дека сторителите ќе бидат пронајдени.

**Писмо до Премиерот Никола Груевски испратено од Хјуман Рајтс Воч**

Во писмото кое меѓународната организација за човекови права „Хјуман Рајтс Воч“ на 10.07.2013 година го испраќа до Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, претседателот Иванов и министерот за правда Беџети, изразува загриженост за моменталната хомофобична атмосфера во која живее ЛГБТИ заедницата во Република Македонија, проследена со серијата напади во јуни и јули годинава врз нејзините претставници, активисти и простории. Имено, загрижени од фактот дека ниту Премиерот, ниту некој друг од Владата на Република Македонија не ги осудил овие напади во јавноста, ниту пак му се обратиле на македонскиот народ да се воздржи од дискриминација врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет, „Хјуман Рајтс Воч“ сметаат дека недостатокот на владин одговор на овие напади дополнително ги загрозува ЛГБТИ лицата во Македонија и ја доведува во прашање посветеноста на владата на принципите на недискриминација и еднаквост.

**Средба со известувачот на Европскиот Парламент за Република Македонија**

Специјалниот известувач на Европскиот Парламент за Република Македонија, г. Ричард Ховит остро го осуди анти-ЛГБТИ насилството во Македонија на средбата која на 29.10.2013 година беше одржана во ЛГБТИ Центарот за поддршка помеѓу делегацијата на ЕП и претставници од Хелсиншкиот Комитет за човекови права на РМ и ЛГБТИ Центарот за поддршка.

На средбата, г. Ховит беше известен за немањето напредок во истрагата за четири од пет

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

напади врз ЛГБТИ Центарот за поддршка, иако првиот напад се случи пред точно една година. Се дискутираше и за институционалниот молк и воопшто недостатокот од дијалог за заканите и злосторствата сторени од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, чија стапка драстично се зголемува. Недостатокот од јавна осуда од надлежните институции кои се должни да ги штитат сите свои граѓани без дискриминација, како и ниската стапка на поведување на судски постапки по случаи на анти-ЛГБТИ насилство, укажува на тоа дека анти-ЛГБТИ насилството во Република Македонија не само што се толерира, туку и се охрабрува.

Известувачот на ЕП за РМ, г. Ховит, на средбата ја нагласи поддршката од Европската Унија за правата на ЛГБТИ луѓето и изрази жалење за зголеменото насилство мотивирано од омраза кон ЛГБТИ луѓето во РМ. Исто така, говореше за политиките на ЕУ во однос на уживањето на фундаменталните човекови права и еднаквоста на граѓаните пред законите, а воедно ја напомена и должноста на државите за заштита на сите свои граѓани без селективен пристап.

**Радио кампања – Македонија има љубов за сите**

По креираната застрашувачка хомофобична атмосфера и петте напади, ЛГБТИ Центарот за поддршка продолжува по својот пат и се стреми кон остварување на целта – еднаквост за сите луѓе во Република Македонија. Во пресрет на повторното отворање на центарот во Старата скопска чаршија и одржувањето на петтиот по ред Марш на Толеранција, ЛГБТИ Центарот за поддршка и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХЦ), со поддршка од Front Line Defenders (ФЛД) ја изработија радио кампањата „Македонија има љубов за сите", која пред с е фокусирана на осуда на насилството и давање поддршка на ЛГБТИ луѓето.

Најважно од се е тоа што во овој процес на заживување на ЛГБТИ заедницата и продолжување на борбата за еднаквост, ЛГБТИ заедницата не се повлече и не потклекна пред континуираните напади, туку напротив, во поголем број, многу посилна и горда, излегува јавно да ги бара своите права. Организаторите на оваа кампања се благодарни на сите ЛГБТИ луѓе кои со гордост и отворено застанаа во одбрана на своите права и учествуваа во оваа кампања , на нивните родители како и на сите јавни личности кои солидарно се појавуваат во оваа кампања, бранејќи ја еднаквоста, слободата и достоинството.

Во однос на подготовката и лансирањето на оваа кампања ФЛД изјави дека со гордост ја поддржуваат оваа радио кампања за поддршка на бранителите на ЛГБТИ правата во Македонија и сметаат дека насилството и дискриминацијата врз ЛГБТИ заедницата и таргетирањето на оние кои работат за подобрување на човековите права е нешто за кое нема простор во било кое општество денес. За ФЛД, радиото е медиум кој може да допре до поголем број слушатели, па според тоа, оваа кампања може да помогне во промената на јавниот дискурс и да ги притисне властите да го превенираат насилството и да оние кои извршиле насилнички дејства бидат повикани на одговорност.